**Данило Коцевски**

# ЈУСТИНИЈАНА
# Градот кој го нема

## МИРИСИ

Скопје и неговите драги места, Јулијана - Ана Шотаровска ги распознаваше според мирисите. Ако беше доцна пролет, како што беше и оваа (ако во Скопје воопшто има пролет), тогаш, мирисот на липите на Кејот, ја потсетуваа на раното детство, бидејќи беше израсната во тој крај. Старата чаршија, со своите тешки мириси ја потсетуваше на далечните патувања на Исток, но и на нешто друго што само таа знаеше да го почувствува: во тие измешани мириси како да се криеше некоја тајна што постојано требаше да се одгатнува. Тајната што ја криеја џамиите, црквите, амамите, ановите, безистенот, калдрмата. Тогаш чувствуваше возбуда како да зачекорува во чудесната литература што ја читаше во раните години, и стварноста започнуваше да ѝ се меша со фантазијата. Ако со врзани очи зачекореше во Дебар маало, таа, според мирисите можеше да ја види, да ја почувствува близината на Паркот, потсушениот мирис на тревата и кората од столетните стебла, да ја почувствува близината на Вардар, рескиот мирис на ветер и подзастоената вода што се мрешкаше во џбуновите, широките, зелени, лигави листови на растенијата и високите боцки што штрчеа покрај брегот. А натаму: пак преку сетилата го дофаќаше горното течение на Вардар и Треска, свежиот здив на Сарај и Матка.

Не станувaше збор само за некое од маалата. Многуте од нив веќе одамна ги нема. Целиот град, особено стариот дел, на Ана и наликуваше на огромно археолошко наоѓалиште, а тој мирис на старините ѝ предизвикуваше посебна возбуда.

Беше убедена дека ретко кој град во светот почива врз такво богатство: доволно е само да чепнеш под површината, и наеднаш да изронат слоевите на Пајонците и Македонците, на Дарданците и Римјаните, на Словените и Византијците. Постојано си замислуваше сцени од авантуристичките романи и филмови: крадци на скриени археолошки богатства, кои диво копаат и потоа бегаат со непроценливите скапоцености кои дотогаш никој не ги видел. Во последно време не требаше ништо да замислува: дивите копачи толку многу се намножија што не им требаше ниту заштита на ноќта којашто ќе ги сокрие нивните ископини. Најмногу мириси од историјата Ана изнаоѓаше во ископините на Скупи, и на Калето. Испревртени римски столбови, симболи на моќта, сега само неми сведоци на минливоста и паѓањето, остатоци од храмови, бањи, ѕидови кои ништо не оградуваат, мермерни остатоци чија смисла не може да се одгатне. Трева изгорена од сонцето, градби уништени од времето. На Калето монументални блокови од кои застанува здивот, а кои во свеста на Ана веднаш предизвикуваа блесок и возвишено чувство како кога се стои пред пирамидите и зданијата на Ацтеките. Кули, урнати древни цивилизации, подземни премини, бедеми кои веќе никој не ги освојува. Колку човек може да биде фасциинран, но и потресен и збунет од она што го кријат вековите, Ана најдобро почувствува кога ја прифати поканата на Ирена, археолог од Музеите на Македонија, да присуствува на ископувањето на случајно пронајдените стари гробови. Кога гробот се отвора, како да се отвора челуста на времето. Утробата на земјата. Внатре, прав на вековите, коски, човечки остатоци правилно распоредени во должина на испружен скелет. Разјапнат, распукан, издупчен череп. До него - грне! Негибнато. Целосно. Како времето да стоело за него. Грне на времето. Грнето останало - човекот го нема! Зар човекот е толку кршливо и минливо суштество за да биде победен од едно грне? При таа помисла, Ана се насмеа во себе, не можејќи сепак да ја сокрие горчината што избиваше од нејзините усни, од нејзиниот поглед.

Страста кон археологијата ѝ остана, а таа се запиша и заврши - класична филологија. Сметаше дека тие две работи се блиски и дека можат да се надополнуваат. Дали не се излажа?

Седеа во Багдад-кафе во Безистенот. До нив допираа, иако не така силно, звуците и вревата од Старата чаршија. Пладневната жега сè уште не беше започната, но тие беа добро засолнети во сенките на дебелите ѕидови. Лозницата и бршлените исто така штитеа од сонцето. Присуството на Чаршијата кај Ана секогаш го покренуваше чувството, но и размислата за мирисите. Како што беше тоа и овој пат, во благата занесеност и отсуство од разговорот што се водеше на масата. А за таа размисла придонесуваше и нешто друго: наспроти масата каде што седеа, во Безистенот, неодамна беше отворено приватно студио за керамика. На доминантно место во излогот, вниманието го привлекуваше едно прекрасно изработено, стилизирано - грне.

Од масата станаа сопствениците на кафулето. До Ана, како проблесок, допре само последната реченица која зборуваше за нивната ќерка на студии во Америка. Сега на масата беа сами со Тодор. Ја чувствуваше топлината на неговата рака во својата. Откако дефинитивно се одлучија да бидат заедно, Тодор покажуваше уште поголема нежност кон неа. Ја држеше постојано за рака и ја бакнуваше без оглед со кого и каде се наоѓаа, што на Ана посебно и годеше. Иако се обидуваше неколку пати да го покрене разговорот за својата дисертација, Тодор или беше отсутен и расеан, или мигот беше таков што деталите мораа да ги одложат
за некоја друга прилика. Тука, во овој амбиент, и се стори дека е најпогодно да го израдува Тодор, за тој голем чекор во нејзиниот живот.

Гледаше во ситните, раззеленети лисја од лозницата, обидувајќи се да изнајде соодветни зборови, за сета таа

нејзина идна преокупација да не изгледа премногу комплицирана.

- В четврток, Наставно-научниот совет, конечно ќе ми одобри да започнам со работа врз мојата тема - рече таа, спуштајќи го погледот кон Тодор и чекајќи ја неговата реакција.

- Да, темата. Ти веќе нешто ми напомна... Како беше она... За Јустинијан... За Јустинијана, што ли? Ете колку сум недоветен. Веќе ги збркав имињата...

- Новопечен бизнисмен, ете, тоа си ти - му одговори Ана иронично, но благо, прегрнувајќи го.

- Јустинијана Прима, тоа ќе биде докторската!

- Јустинијана Прима?

- Да. Не знаеш што е тоа?

- Немам поим!

- Град кој бил, постоел - па го нема!

- Како постоел, па го нема?

- Така, постоел - па исчезнал!

- Исчезнал? Како исчезнатата Атлантида?

- Да токму така. Како исчезната Атлантида. Само
на овие наши простори.

- Па тоа е многу интересно. Знаеш дека малку е познато?

- Знам. Заради мојата определба за филологијата а потоа за археологијата, и јас долго време...

- И што сега? Ќе ја откриваш Атлантида?

- Ќе ја откривам. Треба да проучам и синтетзирам огромен материјал. Од странски стручњаци и извори, до домашните автори. Тоа досега не е направено. Со многу знаење, среќа и интуиција - можам да ја допрам тајната. Дури и да ја откријам. Таква шанса еднаш се укажува во животот. Светска тема.

- Да. Треба да се искористи. Светска работа.

- Можеби минатото на Скопје тогаш ќе блесне во нова светлина!

- Зошто на Скопје?

- Претпоставка. Градот Јустинијана Прима е изграден од еден од последните големи римски императори, Царот Јустинијан I.

- Императорот Јустинијан? Од него?

- Да.

- Мајката!

- Тој е роден во овие краишта. Зошто тука не би градел?

- Значи, Скопје е...

- Теза. Можеби е... А и да е, во тоа докажување ќе треба ти сесрдно да помогнеш, мој новопечен бизнисмену. И твоите скапо спечалени пари.

Ана повторно го прегрна, и сега, го бакна. Тој покажуваше наивна, детска љубопитност, но таа знаеше
дека зад тој превез беше сериозно заинтересиран за нејзиниот зафат, за секој нејзин збор.

Се поздравија со пристутните и го напуштија Безистенот. Беше доцно, спарно попладне. Ана повторно ја заплиснаа препознатливите мириси на Чаршијата, мирисите, звуците и боите кои наликуваа на оние од Исток. Сето тоа ја потсети на долгото, долго патување што ја очекуваше. Дали конечно ќе успее да ги почувствува и препознае мирисите на старите и новите градови? Назад, назад во историјата. Во далечни, непознати мириси.

Назад во Византија.

# ПУСТИНА

Хецебол и Теодора водеа љубов во Египетската пустина. Страсно, диво, како два пустински гуштера низ чија мазна, темна и тврда кожа се лизгаа илјадници, ситни, блескави зрнца песок. За Хецебол, снажен Сириец, со огромни, набрекнати мускулести гради, љубовта во пустината беше некое негово враќање во раните спомени на младоста. Теодора ја задоволуваше секоја негова страст, бидејќи тој реши да ја поведе со себе, да го напуштат Цариград, и да тргнат на тоа примамливо, чудесно патување за Пентапол во Африка. Хецебол доби високо место во владата на таа далечна провинција. Теодора сакаше да избега од престолнината, од бурниот живот што бескрајно ја привлекуваше, ја фасцинираше, но истовремено ја туркаше во нови промени, непредвидливости, ексцентричности што се очекуваа од неа. Сакаше да се види себеси оддалеку, поинаква, во нови услови, во кои повторно ќе се докаже себеси, завладувајќи со нив.

И, тогаш се случи... Во една студена пустинска ноќ,

Хецебол ја напушти, без најава, без поздрав. Исчезна. Остана сама во шаторот кој морничаво го нишаа и затрупуваа со песок пустинските ветрови. Сама во пустината. Без надеж, без пари, без патоказ. Лунѕаше со денови низ песокта, во која, веќе изнемоштена, се чувствуваше како да е родена, како тоа да ѝ е дом, од кој тргнала, и во кој ќе го заврши својот живот. Во бессознание, на работ од пустината, ја пронајдоа монасите и пустиниците од колонијата на хермитите. Кога се освести, луѓето и наликуваа на нестварни суштества кои дошле да ѝ ја земат душата и да ја испратат на оној свет. Со долги, неуредни бради, издупчени наметки нагризени од песокта, полубоси. Ја пренесоа во колибата во која тешко можеа да седнат двајца наведнати луѓе. Овие монаси од колонијата беа расфрлани низ песокта во такви колиби, а оние, од самиот раб на пустината, живееја, речиси соѕидани во ќелиите издлабени во карпите. Кога закрепна, најчесто покрај неа беше Пахомие, апостолот на пустиниците, таткото на колонијата. Најпрвин, Теодора не можеше да ги сфати тие чудни луѓе, нивниот чуден однос кон Бога. Тие не зборуваа многу, ниту контактираа често меѓусебно. Но, од она скудно што ќе го речеа, а уште повеќе од нивните постапки и молитви, започна да открива нешто во себе, што долго било запретано, а што сега со голема возбуда започна да ѝ ги полни градите. Дали било судено, тука, во пустината, конечно да се согледа себеси, да се пресмета со својот живот, или само бескрајната осама будеше во неа чувства за кои дотогаш не беше свесна? Или едноставно ги сметаше за бесмислени и безначјани? Не беше сигурна. А што значи сигурноста? Сигурноста за неа, која често пати обожаваше да противречи: на себеси, на другите, на светот. Но, само така можеше возбудливо и страсно да ги допира нештата, да ги открива сите лица на луѓето.

- Разумот или духот е она што Господ му го дал на човекот - рече Пахомие, а потоа долго молчеше. Со тоа тој се разликува од другите суштества: времени, променливи,

духовно ниски. Една е Христовата природа. Една, вечна и совршена.

Потоа, Пахомие, не само што долго молчеше, туку не изустуваше ниту збор со денови.

Теодора не можеше наеднаш да влезе во тајната и смислата на овие зборови што ги изрече пустиникот. Сепак, постепено започна да сфаќа дека тие можат да го променат нејзиниот живот. Еден и вечен е духот Господов, и сами во тишина, треба пред него да се ослободуваме од своите гревови. Што е нашиот земен живот, наспроти неговата Божанска, совршена природа? Теодора се исплаши од длабочината, чистотата и вистинитоста на оваа размисла. Ако постои казната, тогаш, колкава ли таа треба да биде за нејзините грево ви? Не, не за нејзините гревови. Зар човекот, воопшто, не е грешен? Како да се ослободи од својата неморална, ниска, овоземна природа? Зар овие пустиници не газат сурово преку своето тело и душа, за да можат чисто и блажено да се соединат со совршенството Господово?

Посака во осама и тишина, со мачење и молитва да го побара своето спасување. Да ја испратат во најодалечената колиба во пустината, таму каде што претстојуваа најсуровите: Вардеј, Зорас и Јаков.

Беше сама, соочена со небото и песокта. Некаде во околината беа Варадеј, Зорас и Јаков, но и нив како да ги немаше, како да не постоеја. Во духовниот мир, загледана во синилото, се соединуваше со совршенството Негово, повторувајќи ја, немо, во себе, молитвата и клетвата: Прости ми Господе, но прости им и ним, на луѓето од престолнината, кои ме мамеа на грев, а чинеа самите, поголем од мојот. Прости им, а ако по стои казна, нивната нека биде поголема од мојата. Прости ми што ги исмејував, што ги навредував и соблазнував со моето тело. Ги мамев

да ја покажат глупоста своја и нискоста своја, зошто, во спротивно, тие газеа, газеа преку мене и достоинството мое. Прости ми за циркуските претстави, зошто татко ми Акацие, чувар на лавовите, ми ги остави во наследство. Прости ми за танчерството, пантомимата и глумата, зошто бескрајни се стапиците и гревовите на кои нè мами човековото несовршенство. Прости ми што сакав, и сакав да бидам сакана, зошто, што е љубовта наша, ниска, бедна, во споредба со љубовта кон Тебе што нѝ нуди вечно блаженство?...

Варадеј не излегуваше со денови од својата камена ќелија издлабена во карпата. Јаков беше прикован со синџири неговите речиси исушени раце и нозе висеа како змии што се провираат низ пукнатините на ронливата стена. Зорас постојано беше качен на високиот, преполовен антички столб, со ноќи и денови не се симнуваше од него, ниту да се спружи, ниту да побара храна. Повремено, Теодора ги прекинуваше долгите часови на молитва. Од некоја блиска оаза и носеа трска, шамак, од кои таа започна да учи, а потоа стана вистински мајстор во плетење кошници и рогозини што ги продаваа во далечниот град.

Повикот од патријархот Север Антиохиски ја вознемири, ја наруши осамата на која толку навикна и ѝ ги прекина молитвите. Патријархот, кој беше слушнал за неа, сакаше да ја види, да ја премести во еден од женските манастири за кои тој водеше особена грижа. Ја подготвија, се простија, и таа тргна на пат за Александрија.

Она што патријархот го застапуваше и проповедаше, таа во голем дел лично го преживеа во пустината. Но сепак, и после толку време, чувствуваше вознемиреност што кај неа го предизвикуваше повторното присуство и мирисот на градот. Дали она што се случи, така требаше да се случи, и беше однапред одредено? Зар требаше во тоа да се сомнева?

- Минавте низ искушението, вашиот дух е сега само еден, и му припаѓа на Господа - рече Север Антиохиски. Чист и светол, ослободен од земното и од гревовите.

- Молитвите беа долги, искушението големо. Но Господ сѐ виде, слушна и прифати - одговори Теодора.

- Христовата божанска и човечка природа, по отелотворувањето, се споија во една. Твоето отелотворување беше во пустина. Сега му припаѓаш само нему, кој е безвремен и совршен...

Навистина можеше ли таа мирно да гледа на своето отелотворување во пустината? Ја потиснуваше телесноста, но се плашеше, обратно, таа повторно да не избувне во неа со уште поголема сила, онаа сила што уништува сѐ пред себе? Христос е Бог и човек. Која е таа да ја негира неговата втора природа, таа, која заскита во пустината, дојдена од престолнината на изобилството и уживањето? Ако во него се две битија, може ли едното да не постои, и така, без него, да се живее? Дали таквиот живот таа конечно го прифати?

- Ако е Тој Бог и човек, значи има две битија. А тоа е невозможно... - грмеше гласот на Север Антиохиски, кој како да доаѓаше од некои темни предели на подземјето или од небесата. Така неа во тој миг на неодлучност ѝ се чинеше.

Тие свои сомнежи и лузни мораше да ги прикрива. Но сега беше посилна. Ја имаше пустината зад себе што ретко кој можеше да ја има, и тоа искуство ѝ даваше нови сили, дури ја чинеше посигурна.

По манастирот, и долгото патување таа повторно се насели во едно оддалечено предградие на Цариград, во престолнината која на неа веќе заборави. Беше мирна. Чекаше.

Сè до оној миг, додека на минување, пред нејзината куќа не се појави Јустинијан со својата придружба, и не се загледа во прекрасните плетени кошници и рогозини, што така вешто излегуваа од под нејзините раце.

## ОПСЕСИЈА

Чудно е како за еден град кој некогаш постоел да има толку малку и толку скудни податоци како за Јустинијана Прима. Тодор безмалку беше во право: како да станува збор за исчезната Атлантида. Безмалку, зошто таа навистина ја нема, но не значи дека не е тука некаде, покрај нас, и дека нема да ја откриеме. Пишаните извори ја потврдуваат, археолошките сè уште не можат да ја докажат. Ана мораше педантно да бележи сè, да истражи сè, во таа возбудлива потрага по загадочниот град. И да не беше дисертацијата, Ана ќе се одлучеше на овој потфат, зошто човек еднаш во животот треба да се исправи пред нешто исклучително и големо. По разговорот со Тодор, во своите првични забелешки Ана запиша: „Јустинијана Прима е раскошен град единствено во литературата, тешка гатанка за науката, таинствен феномен и мистериозна Атлантида за љубопитните". Во науката, некогаш пресуден е и мал детаљ, на кој дотогаш не му се обрнувало внимание. Тој бил очигледен, решавачки, но поттурнуван настрана како небитен. Ана мораше да внимава на сите овие стапици.

По разурнувањето на градот Скупи од земјотресот во 518 година, византискиот император Јустинијан на 14 април 535 година, со посебен правен акт, Новела XI, го озаконил основањето на новиот град наречен Јустинијана Прима. Со тој акт градот веднаш е промовиран во ранг на архиепископија, со првиот архиепископ Кателијан. Тој станува центар на префектурата Илирик, која, покрај другите, ги опфаќа провинциите Дакија, Дарданија, Втора Македонија... Прокопиј, еден од последните големи

историографи, секретар во дворот на Јустинијан, во своето дело „За градбите”, со одбрани зборови го опишува велелепниот изглед на Јустинијана Прима. Тој е сведок и учесник во создавањето на градот. Царот Јустинијан подигајќи еден ваков град, сакал да му се оддолжи на своето родно место Тауресион што се наоѓало на просторот на европските Дарданци, во близина на тврдината наречена Бедеријана. И други историчари и хроничари, иако не се директни сведоци, зборуваат за Јустинијана Прима: Агатиј, Малала, Пасхалната хроника од анонимен автор...

Ана мораше сè педантно да бележи, класифицира, споредува. За нејзиниот труд, како во ретко кој друг научен труд, покрај фактографија беше потребна и фантазија. Во тие процепи меѓу времињата, луѓето, настаните, градењата и уривањата, мораше да има проблесок, творечки импулс, интуиција која ќе го спои неспоивото, која не ќе отстапи пред неверојатното и необјаснивото. Сето тоа Ана ја опчинуваше, ѝ даваше посебна енергија.

Најпрвин, требаше да се истражат и класифицираат фактите сврзани со VI на овие простори, кои неоспорно допираат до Јустинијановото време. Локалитетот Маркови кули на источно Водно, Калето, етимологијата на имињата на местата Тауресион и Бедеријана. Да се уточнат фактите за потеклото на градбите на Скопското Кале, дали се од X или VI век, да се анализираат сите релевантни истражувања на етимологијата на Тауресион и Бедеријана. Ако анализите се точни, тогаш, тоа би требало да бидат денешните села Таор и Бадер, кај Катланово. Но, што е со тврдењата дека тоа можат да бидат имиња на други места, оддалечени сто или повеќе километри од овие локалитети? Оддалечени од Скопје?

Така, во првичните зафати, Ана создаде еден триаголник кој го сметаше за многу важен за прецизната локација на Јустинијана Прима. Просторот на тој триаголник беше

омеѓен со: Калето, Водно и Катланово. Неуморно, со своето „Рено” го крстосуваше овој простор. Наутро заминуваше за Катланово, за потоа да се врати на Калето, а оттука - на Водно. Некогаш релацијата беше обратна, но, сеедно, најчесто се случуваше да остане без ручек и вечера, или да јаде некаде попат, меѓу трите релации. Згора на тоа, требаше да се додаде: посетата на Музеите, истражувањата во библиотеките, посетите на Скупи. Дома доаѓаше многу доцна или воопшто не доаѓаше. Понекогаш преспиваше кај Ирена со која до доцна во ноќта дискутираа за новите иско пувања на Марковите кули кај селото Сопиште, на Водно. Го следеше внимателно откопувањето на секој камен кој можеше да доведе до ново откритие.

Со Тодор се гледаа многу ретко. Сметаше дека тој нема да се налути, и дека и самиот е зафатен со отворањето на новиот простор во Трговски центар и подготовките за бизнис-клубот во Карпош. Но, не знаеше дека тој е загрижен и дека нејзиното често отсуство сѐ потешко му паѓаше.

Тој порано имаше обичај, кога ќе станеше наутро, а Ана сѐ уште спиеше, да ѝ напише порака на едно ливче:

- Ана, морав да заминам. Ќе те чекам во Багдад-кафе. Те сака...

Сега, во пораките, не го пишуваше нејзиното име. Го замени. Наутро, кога ќе станеше, Ана се чудеше како тој го пишуваше нејзиното име:

- ЈустинијАна, каде си? Ќе те пронајдам...

Пораките беа сѐ помалку духовити, а од нив избиваше некоја горчина.

Започна да се случува нешто меѓу нив, но Ана сметаше дека таа нервоза е нормална поледица од одлуката на двајца луѓе да живеат заедно, и постепено да се навикнуваат еден на друг.

# МОЌ

Чинот на венчавањето се одржа во палатата, во присуство на целиот двор. Царот Јустинијан и царицата Теодора, еден покрај друг, седеа на двата престола. По многуте церемонии и благословувањето, патријархот ги стави венчалните круни на главите на сопружниците. Со ставањето круна на главата, новата Августа се здобиваше со најголема моќ. По тој чин, таа стана, и без царот, само со своите дворјани и придружнички го напушти Августеон, минувајќи низ бројните простории на палатата, кон главната тераса. Наоколу, ја штитеа гардисти, долгите колони низ ходниците ги сочинуваа највисоките сенатори и патриции. На тера сата, во својата златна, долга одора, царицата им се покажуваше на поданиците за да ја поздрават. Тие паѓаа ничкум со челата во правта, се слушаа воодушевени извици и овации од стражата. Таа во рацете држеше две големи свеќи, се поклонуваше пред крстот и поздравуваше. До неа, на терасата, допираа воодушевени извици: ,,Спаси ја, Господе, Августа". Потоа, заедно со царот, се упатија кон дворската црква Св. Стефан. Таму ги примаа честитките, седнати на своите престоли. Секој од поданиците, клекнуваше и им ги прегрнуваше нозете на царот и царицата. По венчавањето, сопружниците се упатија кон брачната соба, минувајќи повторно низ толпа која им посакуваше среќа. Во ушите на царицата Теодора постојано одѕвонуваа извиците: „Добро ни дојде Августа, избраничке Господова", „Добро ни дојде Авуста, од Господ зашти тувана", „Добро ни дојде, ти што го разубавуваш пурпурот", „Добро ни дојде, ти што сите ја почитуваат".

Но, желбата на Теодора беше што поскоро да се појави на

Хиподромот. Таму, во срцето на толпата каде што се собираше сиот Цариград. Таа толпа, која не когаш знаеше да се поигра со неа, ретко да ја поддржи, повеќе да ја исмее, да ја извалка во правта. Толпата, на која и таа не ѝ остануваше должна. Таа ја знаеше нејзината душа, нејзината страст да воздигне, но и да понижи. Се сеќаваше кога како девојче, со мајка си и постарата сестра, во цуркусот, жално ги подаваше рачињата за помош кон развревените, испотени и расклештени претставници на странките на Зелените и на Сините. Тоа беше по смртта на татко и Акациј, кога останаа сами. Оттогаш, сиот нејзин живот како да се движеше меѓу тие два страшни збора: да се воздигне, и да се понижи. Да се понижи и да се воздигне. Сега, некој мораше да биде на коленици. Понижен.

Пред да се појави на подиумот пред Светата палата, место каде што се вршеа церемонии од исклучителна важност, царицата Теодора ги слушаше извиците кои полека преминуваа во пеење што го прифаќаше толпата: „Појавете се, о, царице на Римјаните”, „Од Господа со слава овенчан царе, појавете се со Августа”. А кога двајцата се појавија на подиумот, овациите на Хиподромот преминаа во воодушевување: „Сопружници, од Бога штитени, Василевсе и ти славо на пурпурот, закитете ги со блесок и светлина вашите робови, израдувајте го срцето на вашиот народ”. Долго време, и по враќањето во палатата, царицата ги слушаше извиците, лулеењето на толпата како при налет на ветрот. Гласовите, испружените раце кон височините, кон небесата, на кои таа така цврсто стоеше, загледана отсутно, но достоинствено кон своите поданици.

Августа спиеше, до доцните утрински часови. Не сакаше никој да ја вознемирува. Сонот ѝ даваше сила и спокојство. Ѝ даваше посебен сјај и блесок на нејзината убавина. Кожата и стануваше уште помека, бела, привлечна. Повеќе од било кога сакаше да се допадне, да биде обожувана и повеќе од било кога ја чувствуваше моќта на убавината. За

да ја сочува свежината, крепкоста на изгледот, погледот и допирот, одморот го продолжуваше и после ручекот. Спиеше долго, занесено, страсно. Тонеше во царската постела, како во некои далечни, непознати, небески светови за кои толку мечтаеше. Потоа, долго не можеше да се освести, да се отргне од медното лепило на сонот, од зашеметеноста, од слаткиот занес со кој беше обземено нејзиното тело. Тонеше во смирувачки блесок на спалната соба, блесокот на златните мозаици, ѕидовите од мрамор и порфир, сребрените и златни полилеи, вратите обложени со седеф и слонова коска. Кога ќе се разбудеше, сè уште обземена, се загледуваше во високите сводови од спалната обложени со раскошен мозаик. Меѓу расфрлените, златни ѕвезди на мозаикот, во неговото централно место со својот блесок се издвојуваше - Крст! Крстот на спасението. Секогаш одново, при разбудувањето, Теодора се стаписуваше од блискоста на распетието што постојано демнеше над неа. По облекувањето, за да го заборави или само да го прикрие немирот, во царскиот геникеј, таа ги повикуваше и постројуваше сите: главниот коморник, и врховниот старешина, и референдарот, и церемонијал-мајсторите, и првоуправителката и сите дворски евнуси.

Со царот Јустинијан се наоѓаа во градината што по својата убавина наликуваше на Еденската. Многу дрвореди, дебели сенки, огледала од мирни води, спокојство. Тоа доцно попладне на масата во градината, Теодора ја пречека прекрасно исплетена кошница, каква што таа не беше видела дотогаш.

- Од твоите вешти раце, има уште повешти - ѝ рече Јустинијан приоѓајќи ѝ и бакнувајќи ја в чело. Придружбата со која тој беше дојден се врати во палатата.

Теодора со нескриено љубопитство ја разгледуваше кошницата. Нежно ги допираше трските, беше восхитена.

- Значи, конечно да го видам твоето долго фалено мајсторство. Навистина, мајсторство. Можам ли да знам каде Василевсот го научи ова?

- Во Дарданија, постои малото место Таурезиум. Мојот роден крај. Во близината на тврдината Бедеријана. Има многу речни води, но и едно застоено, мочуришно езеро. Блато. Полно со трска, шамак. Како деца ловевме риби, ги бркавме птиците. Домашните нѐ научија да плетеме, рогозини, кошници. Она што ќе се научи во детството, никогаш не се заборава.

Царицата секогаш итро знаеше да ги искористи неговите сентименталности. Се припиваше до него, го бакнуваше, го наведуваше долго да раскажува за своите спомени. Тоа значеше: тој постојано да и се исповеда, да бара мислење од неа да има потреба од нејзино постојано присуство. Да биде зависен од неа. Кога ќе започнеа државните приеми или советувања, таа мирно се повлекуваше. Но, само навидум. Демнеше како птица грабливка која го чека вистинскиот момент за својот плен. И тоа попладне, приемите и советувањата имаа свој однапред утврден ред.

Најпрвин се појавуваше Велизар, заповедник на војската. Последните планови беа веќе подготвени, тргнувањата прецизирани, војската снабдена за новите походи.
Потоа доаѓаше префектот Јован Кападокијски кој ги водеше управните работи, секторот за даноци и давачки.

Правникот Трибонијан постојано носеше дебели книги и најмногу се задржуваше кај императорот. Работата врз Корпусот закони не смееше да биде запрена.

Се редеа: Герман, Фотиј, Приск, и на крајот Прокопиј. Прокопиј читаше извадоци од своите хроничарски записи, ги коментираше, гестикулираше, а сето тоа на Јустинијан му причинуваше задоволство, и еден вид одмор од

напорниот ден.

Царицата не пропушташе да му упати саркастична забелешка на Велизар за распоредот на војската и деталниот план за воениот поход.

Не пропушташе, на Јован Кападокијски, гледајќи го попреку, да му рече дека за давачките и даноците народот само што не го ставил на бесилка.

Уживаше на Трибонијан да му одржи кратко, омалуважувачко предавање за недостатоците на неговиот правнички Корпус во однос на Хадријановите закони.

А на Прокопиј, на Прокопиј му се потсмевнуваше в лице, сакајќи да му ја каже вистината: дека неговите записи и писанија не вредат ништо и дека ќе траат колку до утрешната зора, кога ќе пропеат првите петли на периферијата од престолнината.

И кога секој пооделно очекуваше царот налутен да ја згроми со својот поглед, ненадејно, на неговото
лице се покажуваше милна, чиста, детска насмевка, што беше само уште еден восхит кон неодоливата убавина и палавата мудрост на царицата. И овој пат, кога сите, навидум мирно, а со прикриен револт во себе се повлекоа, тие повторно останаа сами.

Молчеа. Теодора знаеше што го измачува, и чекаше тој прв да започне. Чувствуваше дека тој конечно сака да зборуваат за неговата голема идеја, за неговиот животен сон.

- Веќе слушна. Мораме најпрвин да се справиме со Вандалите и кралот Гелимер. Потоа со Маварските племиња. Отпловувањето за Африка е подготвено!

Теодора молчеше. Покажуваше импресионираност од

неговите зборови.

Источните Готи во Италија мора да паднат. Сицилија, Неапол, Рим, Равена. Ударот мора да заврши со заземањето на југоисточна Шпанија и островите.

Имаше чуден блесок, зашеметувачки сјај во неговите очи. Како секој оној кој е обземен од голема мисла што постојано го опседнува.
Теодора го прекина молчењето и стана од столот насмеана.

- Се поклонувам пред големиот император, големиот обновител на Римското царство. Славата на Рим повторно ќе биде вратена.

Очите на Јустинијан блеснаа со уште поголем сјај. И повторно на неговото лице се јави онаа невина, отсутна, речиси детска насмевка. Секое такво појавување на насмевката на лицето на императорот, Теодора го сметаше за своја лична победа.

Она што неа посебно ја измачуваше беше крстот кој мораше секоја вечер, при легнувањето, потоа наутро, при станувањето, или преку денот, да го гледа. Огромен, насликан на сводот од спалната соба. Таа не ги заборавање некогашните молитви. Небесното синило и песокта од пустината. И немаше никогаш да ги заборави. А колку повеќе сакаше да се спои со возвишеното, со единствената, совршена природа Негова, толку повеќе ја привлекуваше сјајот, раскошот, земното, плотта, убавината, кои упорно ја влечеа удолу и од кои не можеше да се ослободи.

Како и од присуството на големиот Крст во спалната соба кој нестварно блескаше и постојано демнеше над неа.

## КРУГ

Неоспорно беше дека станува збор за Јустинијанов град. А постоењето на еден таков град недалеку од Скупи, и во близина на денешното Скопје, за Ана значеше многу. Новите ископувања на Марковите кули на источниот крај на Водно, и не само тие, можеа да фрлат нова светлина врз загатката, особено што таквите градби од шестиот век не се бројни. Со Акропола, бањи, водовод, цистерни, одбранбени ѕидишта, зданија чија намена не можеше со точност да се утврди. Неа ја обземаше мислата што Симон, директорот на Музеите, постојано ѝ ја повторуваше: сиот досегашен материјал налага подробно археолошко преиспитување. Преиспитување. Да, велеше тој, само ако сме на вистинскиот пат, ако правецот во кој се движеме дава барем минимални гаранции дека ќе стасаме до целта. А тој сметаше дека Ана се движи - во погрешен правец. За жал, таа беше стаписана од фактот дека Симон можеби има право. И подлабоките сондажи на Марковите кули доведоа до исти или слични откритија: бакарни депоа со Јустинијанови монети, керамика, печени германски садови и делови од германски шлемови, што не

е невобичаено, бидејќи платениците Германите биле честа појава во шестиот век. Целиот локалитет не можеше да се одреди посмело и подалеку од вообичаените - кастели, утврдувања, познати од тоа време. Ништо повеќе не донесоа ниту сондажите на локалитетот Црквиште кај Зелениково. Несомнено, дело на Јустинијановата градежна активност. А од монументалната, прекрасна Јустинијана - ниту трага! Ана беше резигнирана, но далеку од помислата да се предаде. Сепак, она што ја стаписа беа сфаќањата, убедувањата кои Симон упорно ѝ ги наметнуваше. Беше далеку од помислата да ги прифати, но мораше да смета на сите хипотези. Што ако тие утре станат факти?

- Сите ние сме пристрасни во истражувањата - зборуваше благо Симон, иако гласот му потреперуваше од некој внатрешен, прикриен револт. - Не сакаме да погледнеме подалеку од себеси, и она што не окружува. Зошто градот

што го бараш би бил тука, околу нас? Тоа е твоја грешка. Треба да се свртиш кон север, исток или запад, во оддалеченост најмалку од двеста километри. Откриени се нови факти. Тие се најблиску до потврдата за Царичиниот град, кај Лесковац, како Јустинијана Прима! Потоа...

Ана знаеше за тие откривања, и ако претпоставките се покажеа точни, станува збор за Јустинијана Прима, требаше да биде среќна. Но, не можеше да биде среќна, затоа што сите нејзини првични анализи, и сопствената интуиција врз која толку се потпираше, и зборуваа нешто друго. Не можеше да ја поколеба ниту потсетувањето на Симон, дека и еден таков авторитет каков што е Острогорски во својата „Историја на Византија” наведува дека селото Тауресион се наоѓа во околината на Ниш! Сепак...

Долго дискутираа во неговата канцеларија во Музеите. Потоа излегуваа, и по долгите прошетки на Кејот, ги разгледуваа аргументите за или против. Во некој од рестораните, под липите, останува на ручек. Ана речиси и не забележуваше дека раката на Симон постојано беше врз нејзината. Обземена од идејата, во својата опсесија, таа започна да не им обрнува внимание, се поретко ги чувствуваше мирисите, околината, луѓето околу себе. Нејзините сетила како да започнаа да ѝ откажуваат, да не ги примаат надворешните сензации, да се затвораат во себе. Беше очигледно дека мораше да се појде до Царичиниот град. Се друго би било предавство, затворање на очите, повлекување пред материјалните факти. Симон широкоградо и ја понуди својата придружба, дури и да отпатуваат со неговиот автомобил. Ана, понесена и возбудена, му напиша едно молежливо писменце на Тодор: мора да има разбирање за нејзините патувања и истражувања. Отсуството ќе биде кратко, можеби ќе се врати и до вечерта...

До Царичин град се патуваше нешто повеќе од еден час. Од

Лесковац е оддалечен околу триесетина километри, а од местото Лебане седум. Навистина, Ана мораше да признае дека првиот допир со овој рановизантиски град ѝ остави силен впечаток. Граден е да прилега на антички полис, а според бројните цркви очигледно станува збор за присуство на христијанството. Раскошни мозаици во катедралната црква, импресивни столбови, карактеристични капители со стилизирани акантусови листови, орнаменти со животински облици, еден вид резба во каменот која го потенцира ефектот на светлоста и сенката. Она што Симон посебно сакаше да го истакне како откритие и доказ, беше - монограмот. На еден капител од јужниот столб, беше врежан латинскиот монограм - името на царот Јустинијан. Тука беше и неоспорниот податок дека градот е подигнат во времето од шестиот век, што е исто така значајна индиција. После долгите прошетки, разгледувања и превртувања на археолошките остатоци, Ана, сепак, мораше малку да го чепне, да го разниша ликувањето и убеденоста на Симон.

- Јас сум сè уште на почетокот - рече таа пред да ги напуштат остатоците и упатувајќи се кон автомобилот, сакајќи попладнето да се вратат и да продолжат со разгледувањето.

Симон како да очекуваше такво обраќање на Ана.

- Затоа сме тука. Ова можат да бидат круцијални факти.

- Не можат... - се насмеа Ана. - И не сум сосема на почетокот... Опсесијата ми трае веќе подолго време.
Најпрвин, како пандан на монограмот, постои и една розета. Сигурно ја забележавте. Ваквите розети во цариградските цркви се јавуваат многу подоцна од времето кога Јустинијана Прима веќе требало да биде изградена, Значи, овој град мора да е подоцнежен...

Ана зборуваше сугурно и смирено, сакајќи и самата да ги

прикрие сите свои сомневања.

- Второ - зборуваше таа самоуверено. - Не заборавајте дека и самиот Прокопиј зборува за градењето на Јустинијана во рамките на некои постари населби. Спомнуваа дури и кастели. Ниту во поблиската ниту во подалечната околина на овој град - нема ништо. Никакви населби.

За да не го онерасположи сосема Симона, Ана на крајот духовито додаде:

- Ова е Царичин град, а Јустинијан сепак бил цар! Градов мора да ѝ припаѓал на некоја царица.
Можеби - се обиде да се насмее Симон. Можеби Јустинијан се предомислил, па потоа и го подарил на царицата Теодора.

Но, тој беше упорен. Изнаоѓаше нови и нови факти, покренуваше нови сомневања. Беше неуморен во тоа. И на следната стапица - Ана не можеше да ѝ оддолее. Се наоѓаа на просторите, во чија близина, многумина истражувачи исто така трагаа по Јустинијана Прима. Локалитетите Сердика (Софија) и Павталија (Ќустендил) со траги од Јустинијанови градби. Не беше тешко да ја убеди и нив да ги посетат, иако Ана се определи само за Павталија. Заради скратување на престојот кој се оддолжи, но и заради уште нешто: во Павталија можеше да се соочи со проблем од својата потесна струка - класичната филологија. При враќањето, средувајќи ги впечатоците можеа да заклучат деќа Павталија, очигледно, не импресионираше како Царичин град, но спекулациите и искривувањата на научниците одеа во друг правец. Симон, повторно, не се слагаше дека се тоа искривувања, туку дека се валидни научни хипотези. Кај Прокопиј убаво стои дека градот е подигнат во близината на родното место на императорот, селото Таурисион кај тврдината Бедеријана.

- Не гледам зошто - велеше Симон, загледан во едноличноста на патот пред себе. - Таурисион и Бедеријана, етимолошки би одговарале на денешните имиња на Таор и Бадер, кај Катланово во Скопската котлина. Знаете, Ана, византијците во тоа време граделе на широки простори, и невозможно е такви места со апсолутна прецизност да се лоцираат.

- Значи, двете места што ги видовме кај Ќустендил, всушност се Таурисион и Бедеријана, на Прокопиј, односно на Јустинијан? - рече Ана.

- Можеби, зошто би биле толку сигурни дека не се?

- Значи, според вас, веќе славниот Таурисион, не е ниту едно место, туку Товаличево, кај Ќустендил? А тврдината Бедеријана, ни помалку ни повеќе туку е Брдуња?

- Брдуња. Зошто да не?

- Брдуња? Ајде, ве молам, Симоне...

И Ана започна да се смее, толку гласно да се смее, што нејзиниот глас немаше само иронија, туку пркос, гнев, нездоволство, измореност. Беше веќе на крајот на силите, нервите и потрепeрувaa, и беше потребен мир. Мир за кој сѐ уште не можеше да се избори. И не се лутеше на Симон. Едоставно, сомневањата, се умножуваа со таква брзина и прогресија што таа не можеше да се соземе. Не се надеваше дека истражувањата на овој начин ќе се комплицираат.

Имаше впечаток како да се врти во круг на оној рингишпил од детството што постоеше во Скопскиот парк. Вртеж, силен и незапирлив, од кој веќе не се распознаваат седиштата на рингишпилот, а во зашеметеноста, сета таа

чудна направа, светот и луѓето околу неа, се претвораа во една далечна точка. А точките од крутот во кој се трагаше по Јустинијана, како и да се свртиш, се викаа: Маркови кули и Катланово, Кале и Зелениково, Пеќ и Приштина, Призрен и Сердика, Павталија и Гњилане на Морава, Ѓурѓеви Ступови и Куршумлија, Лебане и... Згора на тоа беа постојаните стапици што и ги поставуваше Симон: ја водеше во Охрид, пред црквите Св. Богородица и Св. Климент, за да ги прочита натписи во кои стоеше „Јустинијана Прима”. Ја водеше во Архивите за да го пронајде писмото што Охриѓаните го испратиле до Цариградската Патријаршија за обнова на Охридската Архиепископија, а во кое тие се потпишале како „Првенците на Прва Јустинијана или Охрид”...

Во таа зашеметеност мислеше: што ли ќе направи со кругот? Дали ќе го изнајде неговиот вистински центар, и ќе притисне, ќе притисне силно, за да го запре неговото движење, погодувајќи право во целта?

Она што посебно ја загрижуваше беше Тодор. Не смееше да дозволи неговите утрински писменца да бидат сè поретки и поретки, или сосема да исчезнат.

Иако хаотично и несигурно, сè друго може да се движи кон некаква разврска, си мислеше Ана.

# ПРОКОПИЈ

Сметаше дека нема ништо потрајно и повозбудливо од она што е напишано и запишано на хартија. Тој беше роб на перото и мислата, кои се можеби потрајни од сè друго на светот. Опасно е, но и благодарно да го предизвикуваш вечното. Опасно, бидејќи тоа може да биде свирепо, и нè услишувајќи ја нашата молба, да не казни со заборав. Благородно, бидејќи нашата мисла или нашата возбуда може да ја пренесе низ времињата кои само ги насетуваме,

на генерациите кои барем малку ќе ги допре нашата размисла? Во таквите свои размисли, Прокопиј најмногу сакаше да се натпреварува со Антемије од Трал и Исидор од Милет. Градителите на цариградската Света Софија. Напишаното е потрајно, градбите се кревки и трошни. Што ако Господова или човечка сила ги урне, опожари, избрише од лицето на земјата? Како што беше опожарена и старата црква Света Софија? Навистина, Антемије од Трал и Исидор од Милет соѕидаа нова, поубава, повпечатлива. Но, старата засекогаш исчезна, и никој никогаш веќе нема да ја види. Што ако тоа се случи и со оваа новата, сегашнава? Напишаното, повеќе пати препишаното, умноженото, има шанси да преживее. Итро да се провне низ бројните процепи на времето, со помошта Господова, со раката и умот човечки. Така размислуваше Прокопиј, а таквата негова размисла некогаш беше убедување, а понекогаш само утеха. Утеха дека и неговите записи, описи и историски белешки ќе најдат некој процеп, некоја мала пукнатина за да траат во времето. Затоа, многу ги читаше и земаше за пример, Хомер и античките трагичари, Херодот, Тацит и Плутарх. Времето во кое тој живееше, како впрочем и секое друго време, тераше на посебна размисла: кој ќе победи - перото или мечот? Затоа, сакаше да ги обедини. И ги обедини и двете. Со одобрување на императорот Јустинијан, заедно со Велизар и Нарзес, патуваше на походите: против Персијанците, против Вандалите и Готите, ја крстосуваше Африка, присуствуваше на падот на Сицилија, Рим, Неапол и Равена. Веруваше дека во оваа своја постапка нема да се излаже: што ќе се случеше со славата на мечот, ако перото не ѝ помогнеше да ја опише?

Кога не беше на прием кај императорот, кога не пишуваше, најчесто го посетуваа Герман и Фотиј. Особено Герман, кој обично беше добро информиран за сè. Кога се појави кај него, покрај другите, попатно, му соопшти една новост, која за Прокопиј беше необична

и го изненади. Герман, се разбира, требаше да знае сè, а да не се поведува по ништо. Уште помалку од нешто да се изненадува. Прокопиј знаеше дека императорот во последно време посебно внимание му посветува на градителството. Нови градби и градови никнуваа низ целата префектура Илирик: во Епир, Тракија, Дарданија, Мезиа, Панонија. Според Герман, во последниот дел од Корпусот закони што го подготвува Трибонијан, во Новелата (нова наредба) XI, императорот сака кај своето родно место Таурисион, да подигне нов град, кој ќе го овековечи неговото име и неговата слава. Град кој ќе биде прв меѓу градовите, и кој ќе стане архиепископија на префектурата.

- Беше споменато и твоето име - се смееше Герман „Колку би било убаво тој иден град да го опише бесмртното перо на Прокопиј”? Сето тоа е во подготовка.

На Прокопиј му беше чудна таа намера на императорот да подигне град во родното место за кое дотогаш не беше зборувал.

- А кој го спомна моето име? - му се обрати на Герман со прашање. - Царицата Теодора?

Герман знаеше дека при спомнувањето на името на царицата, Прокопиј се разжестува, ја менува бојата на лицето, потреперува. Причината беше не само тоа што царицата сакаше да го понижи и омаловажи пред царот. Тој ја знаеше нејзината моќ на преправање, нејзиното лукавство, нејзиното минато. Посебно му пречеше моќта да му се наметне на царот, кого тој го обожуваше и му должеше сè во животот. Герман воопшто и не ја спомна царицата, бидејќи знаеше каква бура го очекува од страната на Прокопиј.

- Значи царицата. „Царицата“ Теодора. Таа змија од Египетските пустини, пустиник меѓу најголемите

пустиници, хермити. Ученичка на Пахомие и Север Антиохиски, тие еретичари. Ако дознае царот...

- Царот никогаш ништо не дознава. Тој ја обожува.
I
- Знаеш ли ти дека тоа што таа го застапува, прогласено е за официјална ерес, осудена во Халкедон. Може ли ваквата ерес да престојува на дворот, и уште во - царската постела?

Герман, како воопшто тоа да не го засегнуваше, слегна со рамениците:

- Може.

- Така, може! - А нејзините циркуски претстави, а нејзиното танчерство, кога го соблазнуваше сиот Цариград? Славната артистка што ја забавуваше престолнината. Јас барем тоа не сум го заборавил.

Герман, на кого му беа познати овие зборови, стана, и започна да наѕира околу себе, за да не го слушне некој.

- Има нешто во врска со царицата, што не можам да си го објаснам. Многу е чудно.

- Што? Зар има нешто во врска со неа што не е чудно?

- Има еден човек по име Хецебол. Секој ден доаѓа пред нејзините врати. Коленичи, а таа не го прима. Секогаш порачува повторно да дојде кај неа. И пак не го
прима.

- Ти реков. Може ли да има почудно однесување?

- Може. На дворот постојано доаѓаат тројца парталковци. Велат дека се викаат Варадеј, Зорас и Јаков. Нив веднаш ги

прима и се задржува во долг разговор со нив.

- Тоа се сигурно монасите од источните пустини. Ете, што прави таа змија. Таа монофизитка! - се разжести повторно Прокопиј - Го унакажуваат единството Христово. Неговото тело и духот. Не ја признаваат неговата втора, човечка природа.

- Никогаш не ми било сосема јасно, ова, со монофизитизмот - рече Герман.

- Не го признаваат двојството Христово. Неговото човечко битие. По отелотворувањето, тој го содржи само духот Господов, и ништо повеќе. Така велат тие.

- Сега ми е уште понејасно - се збуни Герман. - А нејзиното посветување на телото, земното, убавината, јадењето, уживањето, градините, фустаните, златото, царувањето?...

- Токму тоа - започна полека да си доаѓа на себеси Прокопиј. - Токму тоа. Таа со своето однесување сака да нѐ направи будали или едноставно сите - да не излуди!

Герман полека и подзамисленосе повлече до столбот кој гледаше кон градината.

- Кој ги знае патиштата на човековото соединување со Господа? - рече тој. - Тие се противречни. Зошто сите би се однесувале еднакво, и зошто таа да биде како нас? Секој има право да се бара себеси.

- Да, - рече Прокопиј приоѓајќи му - само не заборави дека императорот не го заслужува тоа. Императорот наш е олицетворение Господово, најмудриот и најхрабриот. Мудроста и храброста негова ја вратија славата на Рим. Стоејќи пред него јас му се поклонувам, како пред Возвишениот. Царот и Соборот го осудија ересот. Ересот и

на самиот цариградски патријарх Антим. Антим е исклучен од црквата. И прогонет. Таму далеку, по беспаќата на прогонот каде што е сега. Проклетство нека го следи. И сите кои се со него и го придружуваат.

На последните зборови на Прокопиј, Герман повторно живна, и на соговорникот му упати ненадејна и предизвикувачка насмевка.

- Не жали го премногу патријархот Антим. Тој навистина е прогонет, но не е далеку заминат. Тој е тука во гинекејот на царицата Теодора! Таа го крие меѓу жените. За тоа никој не знае. А и подобро да не дознае. Особено не од нас двајцата.

- Невозможно! Тоа не е вистина!

- Вистина е. Царицата си ги штити своите пријатели, монофизити. Зошто да се измачуваат во прогонствата, таму далеку по светот?

- Тоа е лудост. Тоа е скрнавење на Бога. Тоа не смее да се премолчи!

Герман со насмевка на усните се подготвуваше да излезе.

- Пишувај, пишувај, Прокопиј. Зар ти постојано не пишуваш? Рече дека пишуваш некаква хроника, историја во која ќе кажеш сѐ за царицата Теодора. Ќе ја обелодениш? Обелодени ја!

- Ете, постојано ми делиш мудри совети. Сепак, ти си човекот кој знае сѐ, нели?

- Добро, добро, не лути се. Мислам, нека остане тајна. Твојата историја.

- Така и ќе се вика - „Тајна историја“.

Во мигот кога излегуваше Герман, на вратата се појави Фотиј кој носеше порака од императорот. Прокопиј требаше веднаш да слезе кај царот, долу, во градината.

## ТРАНС

Несомнен е податокот дека во четвртиот дел од Корпусот Јустинијанови закони што го подготвил дворскиот правник Трибонијан, поместена е и единаесеттата Новела, во која императорот наредува, и покажува силна желба да основа град кој ќе го возвеличи и прослави неговиот роден крај. Подоцна, тој град Прокопиј ќе го опише во своето дело „За градбите“. Ана, толку страсно и долго ги читаше и препрочитуваше овие закони и документи, што пооделни нивни делови ги знаеше наизуст. Таа, речиси несетно повторуваше: „Сакајќи на многу начини да ја возвеличи нашата татковина, во којашто Бог ни даде прво да дојдеме, и овој свет кого самиот го основа...“, „Крај тоа село изгради убав град и го нарече Јустинијана Прима и на тој начин му се оддолжи на родното место коешто го одгледало. Се разбира сите Ромеи би требало да земат учество во тој долг, бидејќи областа го одгледала спасителот, општ за сите... Другите градови отстапија зошто овој беше по величие прв. И така му возврати славата на царот... Градот се фали дека го одгледал царот, а царот, наспроти тоа, се гордее дека го создал градот“. Во ушите и одѕвонуваа овие зборови кои можеше во секое време да ги повтори и изрецитира. Во својата опсесија, се плашеше некои од тие зборови да не вметне во секојдневниот разговор, и да не испадне чудна и смешна: „областа го одгледала спасителот“, „слава на семоќниот Бог, вечен спомен на нашето величество“. Каде точно се наоѓал и како ли изгледал тој исчезнат град кој бил пред сите други и „по величие прв“?

Ана започна да го одбегнува Симон и неговите стапици. Сето свое внимание го посвети на Калето каде што ја

импресионираше еден податок сврзан со неговите слоеви од шестиот век. Сепак, неизбежниот предизвикувачки шести век. Уште како девојче, во основното училиште, после часовите доаѓаа на Калето. Тогаш, уште не беше така пошумено, па можеби затоа, огромните камени блокови делуваа помонументално. Се искачуваа на најгорниот, среден дел од ѕидините, од каде што се гледаше стариот дел на градот, Чаршијата, а од другата страна се наѕираа бреговите на Вардар, стадионот, паркот, пределите кон Лепенец и Скупи. Тогаш и не можеше да претпостави колку ќе биде преокупирана од тие камени блокови, од огромните квадери, од нивната патина, од темната засенченост и излитеност од времињата што оставале видливи траги врз нив. Тогаш седеа врз платото од централниот источен бедем, а под нив можеби лежеле многу други бедеми,

многу други запретани градови, заборавени од времето, луѓето, историјата? Така денес си мислеше Ана, враќајќи му се на неизбежниот и фасцинантен пример на Троја. Зар Троја, по долгите трагања, не е ископана како седми слој, како седми локалитет означен како Троја VII[a], на возвишувањето во месноста Хисарлик? Ако Шлиман тргнал од Хомеровата Илијада, тогаш ние мораме да тргнеме од неизбежниот Прокопиј. Тој упорен и педантен запишувач и сведок. Дали неговиот запис останал да трае низ времето, онаков каков што тој го запишал? Дали записите не се подложни на трошност и менување, исто онака како што се зданијата и луѓето? Не смееме да се сомневаме во Прокопиј, си мислеше Ана, обземена од неговите зборови и описи кои постојано ги повторуваше во себе. Ги повторуваше толку често и толку упорно, што веќе започна да чувтствува блага зашеметеност и вртоглавица. Уште кога беше на почетокот од истражувањата, Тодор често пати ја фотографираше Ана застаната долу, во подножјето на огромните бедеми на Калето. Колку таа на тие фотографии беше ситна, изгубена пред моќните зданија на минатото кои како да не ги градела човечка рака? Беше загледана некаде во далечината, а над неа стоеја огромните блокови како докази колку човечкото

дело може да го надживее него самиот. И колку тој грчевито сака да остави трага, белег, порака, за да не исчезне.

Кога започна да ги чита тие блокови и пораки, Ана беше импресионирана од податокот дека на Скопското Кале, во неговите бедеми, соѕидани се камени остатоци од римското Скупи. Зар е возможно, се прашуваше таа, огромните блокови да се пренесувани од толкава далечина, за да се вметнат во нова градба, можеби во новиот град? За да биде нејзината возбуда и изненадување уште поголемо, тие блокови се дел од античкиот театар во Скупи. Како уметноста на чуден начин, директно ги вмешала своите прсти во едно ново градителство. Се измешале духовното и материјалното, театарот, уметноста, од една страна, и воената тактика, од друга страна, за заштита од непријателот кој упорно ги опседнувал бедемите.

Носењето на огромните камења од Скупи до Скопското Кале, на Ана ѝ наликуваше на оние возбудливи сцени од историските филмови во кои е прикажано градењето на Египетските пирамиди. Долги колони робови, надчовечко физичко напрегање, камшикување, смрт под масивните камења. Ана го замислуваше патот од Скупи до возвишувањето на Калето. Невидена голгота на народот, кој по разурнувањето на Скупи од земјотресот 518 година и надоаѓањето на Словените, барал ново прибежиште. До Калето, со воловска запрега, каменот бил товарен и влечен по угорнината. Во документите за натчовечкото подигање на други скопски градби. Ана ја има забележано силната метафора на болката и измачувањето: „И воловите просолзеа“. Можеше да се замисли тој крик и таа болка на човекот и животните, измешани во правта, крвта или калта. Кога стоеше пред ѕидините, потреперуваше од нивната блискост, од можноста непосредно да ги допре, да го почувствува здивот на градителите, нивната пот и крв, измешани и исцедени врз каменот. Сега, се случуваше на

Калето да доаѓа и во ноќните часови, да стои зачудено пред молкот, пред тајната на зданието, како да очекуваше дека тоа ќе се оствори, и ќе ѝ го соопшти само неа, она што генерациите го очекувале и не го знаеле со векови? И се бришеа границите меѓу ноќта и денот, а зашеметеноста и вртоглавицата ги чувствуваше сè повеќе. Долу, од Старата Чаршија, допираа до неа бледите светилки, и таа се повеќе како да тонеше во некоја бездна.

Потреперуваа илјадници ѕвезди со својот далечен, полуизгаснат сјај кој тивко, незабележително, но неодоливо ја мамеше во сон од кој не можеше да се отргне. Дали таа сонуваше или тоа навистина ѝ се случи? Не, не, тоа навистина ѝ се случи, конечно. Облечена во долга, бела ромејска туника, се виде себеси како чекори по прекрасните улици на Јустинијана Прима. Тоа беше град каков што таа дотогаш не беше видела. Град, кој по својот сјај и убавина ги надминуваше сите градови што човекот ги беше создал. Чекореше по улици поплочени со мермер, меѓу мермерните зданија и многубројни, прекрасни места посветени на Бога. На убавите, големи плоштади, имаше многу луѓе, врева, во гостилниците војсководци, куќите мамеа со убавината на широките тремови, насекаде кладенци, бањи, пазаришта. Богатството, достојно за величината на метрополата и седиштето на архирејот илирски. Ана беше среќна, чекореше горделиво и исправено, сакајќи сите да ја забележат. Но, немаше причина да се сомнева дека сето тоа ѝ се случи, она за што долго време мечтаеше. Таа беше тука, навистина. По извесно време, повторно ѝ се јави истото треперење на полуизгаснатите ѕвезди и светилките, што сега доаѓаше уште од подалеку, за таа конечно да исчезне во темнината на бездната.

По долгото, упорно, денонокно трагање, во утринските часови, Тодор успеа да ја пронајде Ана на врвот на еден од најмасивните, северо-источни бедеми на Тврдината. Исцрпена и премалена.

# НЕДОУМИЦА

Ана мораше да се опоравува неколку денови на клиника. Тодор беше постојано околу неа. Дури до доцните ноќни часови останувaше покрај нејзиниот кревет. Таа повеќе го храбреше него отколку тој неа. Иако се чувствуваше истоштеност на нејзиното лице, низ насмевка му велеше дека станува збор само за миговна слабост и премореност, и дека сето тоа брзо ќе помине. Секој голем потфат мора да има жртви, велеше таа провирајќи ги нежно прстите низ неговата црна коса. По клиникаta, остана неколку дена, на домашен опоравок. Имаа време за многу нежности и за многу разговори кои толку им недостасуваа, за кои порано немаа време. Ана се изненади од еден податок што ѝ го соопшти Тодор. Таа не можеше воопшто да верува ниту да претпостави дека тој е во состојба да направи такво нешто. Во деновите кога ретко се гледаа, Тодор со ретка упорност па дури и фанатичност, ја истражувал проблематиката сврзана со тајната на Јустинијана Прима. Ја прелистал речиси целата литература што Ана ја поседуваше и истражуваше, сите нејзините белешки и веќе напишаните делови од дисертацијата. Уште при првиот разговор, по болничкиот опоравок, таа забележа дека Тодор е информиран дури и до најситните детали. Кога Ана го изрази своето чудење, тој само низ насмевка одговори: економијата и трговијата не се потценување. Мислиш ли дека човекот кој се занимава со нив е неспособен да навлезе во вашата проблематика? Напротив.

Потоа, Тодор започнуваше на долго и широко да расправа за археологијата, филологијата, историјата, Јустинијана Прима и Византија. Ана не беше толку изненадена од таа упорност и рационалност, бидејќи ја познаваше неговата интелегенција, туку од сфаќањата што тој ги застапуваше. Како негово лично мислење и убедување. Имаше во нив понекогаш наивност и површност, но и убиствена моќ на

расудување и заклучување, што на Ана ѝ беше добредојдена како „поглед однадвор“ кој може да фрли неочекувана светлина врз проблематиката што ја истражуваше. Тоа не беше пркосење, туку повеќе желба за натпревар со која тој сакаше да го изрази својот став или несогласување. Ана му упатуваше ironични боцки дека е тој „нов трагач по Троја“, иако тој одбиваше дека е било каков трагач или дека трага по било што. По долгите дискусии, Тодор очигледно беше напрегнат кога рече:

- Не може да се трага по нешто што...

Ана љубопитно го погледна.

- Нешто што?...

- Нешто, што не постои...

- Како тоа мислиш - рече Ана - „нешто, што не постои...“.

- Така, нешто што не постои. Што го нема, мислам дека Јустинијана Прима воопшто и не постоела. Никогаш и не била создадена!

Ана изненадена, се фати со раката преку усните и вцрвенетите образи, воздржувајќи се да не прсне во смеа.

- Тоа е невозможно. Рече дека сѐ си прочитал и дека сѐ знаеш. Знаеш за Јустинијановите Кодекси, за Новела XI, со која се инаугурира основањето на Јустинијана Прима, за Новелата CXXXI, за Прокопиевите описи на градот, за подоцнежните историографи...

- Знам. Токму затоа!

- Што, токму затоа?

- Има нешто што сето тоа го прави нејасно, несигурно, има логички процепи, смисловни нејасности, недоречености. Дури и таму каде што тонот е аподиктичен, наредбодавен. За мене секогаш постои едно „ако“...

- Да видам, да видам, - рече Ана заинтересирано. - Мора да мислиш на нешто конкретно.

- На конкуретно, сигурно - рече понесено Тодор, среќен што кај Ана предизвика толкав интерес.

Скокна, од библиотеката ги позема книгите и белешките ставајќи ги пред неа.

- Во Новелата XI, која всушност е обраќање до Кателијан, првиот архиепископ на Јустинијана, постои и ваква реченица, да не речам сомнеж - „твоето блаженство, на секој начин да не одлага да го доведе до извршување она што величеството го воспостави“. Ако се поставува прашањето за одлагање, зар тоа и навистина не можело да биде одложено? Да биде одложено „воспоставувањето“ односно барањето на императоротот? Наредбата е наредба, но извршувањето е нешто сосема друго, зависи од многу околности...

- Како можеш да тврдиш такво нешто?

Сега стана Ана, малку подналутена, но сè повеќе заинтригирана од опсервациите на Тодор.

-Знаеш ли дека после Кателијан имало и други архиепископи, зар и тие не биле воспоставени?

Ја збуни смиреноста на Тодор. И упатеноста.

- Таму ништо конкретно нема. Ниту за архиеписикопите,

ниту за архиепископиите. Ништо.

- Е, многу ти е силна забелешката. Толку?

- Толку? Сѐ уште не сум ни започнал. Во своите записи самата велиш дека збунува исказот на Јустинијан „сметаме дека е неопходно... воспоставувањето на префектурата од Тесалоника во Јустинијана Прима, што претставува повеќе намера отколку факт“. Тоа се твои зборови. Седиштето на архиепископијата, практично, како никогаш да не било преселено од Тесалоника. Каде ти е, тогаш, твојата Јустинијана Прима? Никаде! Ја нема!

- Во својата наредна Новела CXXXI царот навистина
како да се „предомислува“, и го одзема исклучителното значење на новата архиепископија - рече Ана.
- Но, затоа има причини. Незаборави, тој е веќе славен обновител на Римската империја. Живее во други, изменети околности.

- Добро. А оние описи на градот? Описите на Прокопиј?

- Што им недостасува на описите?

- Ништо не им недостасува. Напротив, како нешто отповеќе да им е додадено.

- Сѐ е во нив величествено, прекрасно, преголемо, богато, монументално. А забележав дека за време на Јустинијан, градени се многу градови, но мали, главно градови - утврдувања, секогаш подготвени за одбрана...
- Сакаш да кажеш дека Прокопиј претерувал, ако претерувал значи, измислувал, ако измислувал, тогаш, сето тоа - не постоело?

- Така нешто.

- Е, сега ти претера. Можеби тој претерал само во описите?...

- Тоа и ме зачудува. Ако сето тоа постоело, зошто би претерувал?

- Можеби сакал да му угоди на царот. Сите ние во нешто претеруваме...

- Сега ќе ти наведам еден извор, кој ти не си го консултирала, барем не го наведуваш во своите белешки - беше упорен Тодор. - Тоа е една книга посветена на Скопје што ми ја препорачаа, а јас ја пронајдов во библиотеката на Академијата.

- И?

- Таму, еден врвен стручњак, научник, вели: ако Прокопиј во своите записи спомнува водовод, значи, тоа е тој - Скопскиот Аквадукт. Тоа е „доказ“ дека тој е од римско потекло. А такви заклучоци, забележав, извлекуваат многумина. Зар тоа не е несериозно? Зар така ќе трагаме по Јустинијана Прима и по Скопје?

-Постојат многу такви мислења. Треба да се биде внимателен. Ако е така - тогаш сѐ е откриено. Нема тајни. А гледаш, колку тие сепак, ме измачуваат? Тие мислења можат да ни го покажат патот...

Сега Тодор нежно се наведна кон Ана ѝ ја бакна.

- Еве еден специјалитет кој се надевам ќе те расположи. Знаеш ли колку необични придавки и формулации забележав за тој исчезнат град? Слушај, ти сигурно си ги сретнала но не си ги класифицирала како јас. Еве како сето тоа звучи таинствено и необично: „Исчезнатиот град, загадочен град, интригантен град, енигматичен град, град

феномен, град гатанка, град мистериозна Атлантида, книжевен град, фантастичен град, утописки град, чуден град, чудесен град, чудна и чудесна историска појава, изгубен град...“

- Сето тоа е за Јустинијана Прима?

- Да. Ти тоа добро го знаеш. Сакаш ли сето тоа да го наведам по обратен редослед: „Изгубен град, утописки град, фантастичен град, книжевен град, мистериозна Атлантида, град гатанка, град феномен, енигматичен град, интригантен град, загадочен град, исчезнат град...“

Двајцата замолчеа. Како да немаа повеќе што да си кажат, иако обратно, тензијата меѓу нив растеше, и двајцата се контролираа да не дојде до експлозија.

- Зошто ми го правиш сето ова? - рече Ана, гледајќи го право во очи, со благ трепет во гласот.

- Самата рече дека сето тоа те измачува. Не сакам да се измачуваш. Не го замислував така сето ова. Глупаво е. Нема резон. Според мене...

- Ништо не е глупаво, ако се сака - рече Ана прегрнувајќи го.

Беа стегнати во силна прегратка. Тодор загрижен, Ана отсутна. Веќе беше опоравена, подготвена да продолжи таму каде што застана. Започна повторно да и се враќа чувството за мирисите, ја примамуваше здивот и патината на ископините, Чаршијата, старите зданија, запретаните градови.

- Знам - си мислеше во себе, храбрејќи се самата.
- Знам во кој правец треба уште посигурно да продолжам. Таор и Таурисион, Бадер и Бедеријана, тетрапиргионот и

античкиот кастел, ритчето Градиште и некогашниот мочуришен шамак. Да, токму во тој илјадагодишен мочуришен шамак. Но, пипалата на исчезнатиот град мора да се тука некаде: во Римскиот водовод или Аквадуктот, во темелите на Камениот мост, во ископините на Конаците во црквата Св. Спас, на Калето и Поткалето...

# ЕВАНС

Еванс пристигна во градот во една скопска квечерина 1883 година и отседна во анот Доротеја. Бидејќи анот се наоѓаше на почетокот на угорната улица што водеше кон црквата, пајтонот застана зад платото подолу, на улицата што водеше понатаму, кон срцето на Чаршијата. Момчето што работеше во анот љубезно го пресретна, му ја покажа собата на горниот кат, а потоа двајцата повторно слегоа кај пајтонот. Требаше да се префрлат многу нешта од багажот на Еванс, внимателно да се пренесат и подредат горе во собата. Како што успеа да дознае подоцна од разговорот со него, момчето беше Евреин и не многу добро зборуваше англиски. Во околината на анот имаше еврејски дуќани кои главно се занимаваа со продавање и производство на волна. Тоа работеше во дуќаните и работилниците, а еден помал дел од денот помагаше во анот. Момчето не можеше да се изначуди во бројниот багаж што англичанецот го носеше со себе и така педантно го беше сместил во пајтонот: големи тешки кофери, најразлични мапи завиткани во ролни кои при носењето се одвикуваа, некои чудни мерни инструменти, најразличен алат, дуљбија.

Момчето за првпат виде „во живо како изгледа еден археолог и беше многу љубопитно. Кога дозна зошто археологот е дојден во Скопје, не можеше да се изначуди.

- Кај нас нема Римјани, господине и никогаш не ги имало. Какви се тие стари римски градби и зданија што ве интересираат? Римски императори? Па, зар не гледате дека

ова е Турска чаршија? Да, турци има колку што сакате.

Еванс се смееше на добродушноста и искреноста на момчето, велејќи му дека еден ден, кога ќе заврши со истражувањата, детално ќе му објасни зошто е дојден и колку убави и чудни нешта крие неговиот град и околината кои тој сигурно ги знае.

Еванс и самиот не беше сигурен во големината на предизвикот што го очекуваше. Но, тој имаше непогрешлива интуиција и доволно знаење да ја почувствува оваа почва исклучително богата и благородна за археологијата. Неодоливо го привлекуваа бојата и мирисите на старините. По неколкуте дена престој сфати дека тие бои и мириси му влегоа длабоко под кожата, во крвта, во потсвеста. Овој град му стана толку близок како со години да престојувал во него. А штом го имаше тоа чувство, можеше да се надева дека е на добар пат. Се чинеше, барем на почетокот, дека она што однапред го беше замислил и планирал, не беше напразно и залудно. Само нешто му беше несфатливо: по сè изгледа дека беше еден од првите, ако не и прв на овие простори, кој ќе изврши вакви подлабоки археолошки истражувања. Зар е возможно сето тоа богатство да останало речиси негибнато, оваа почва, овој град сè уште длабоко во себе да ги крие бројните тајни и загатки на минатото?

Речиси по цел ден беше отсутен, се враќаше доцна навечер. Момчето со големо љубопитство се загледуваше во него за да види: дали е изморен, нерасположен, разочаран? И покрај уморот, Еванс бликаше од понесеност:

- Денес се сретнав со еден римски легионер - извикуваше тој уште при влегувањето, додека момчето вџашено и со неверување го гледаше. Вистински римски легионер. Кај селото Куце... Куцеви - се мачеше Еванс да го изговори името на скопското село.

- Куцевиста. Кучевишта - скокна момчето од масата горејќи од желба да дознае за што зборува англичанецот.

- Ископавме гробница во која римскиот легионер со години почивал...

И додека тој трчаше по скалите за да влезе во својата соба, момчето се обидуваше да го стаса уште пред вратата од собата.

По неколку денови Еванс извикуваше уште погласно обраќајќи му се на момчето што го пречекуваше на вратата, без оглед на тоа колку луѓе имаше во анот.

- Император! - му велеше Еванс. - Откопавме биста на вистински император. Императорот Галиен. Во Скупи.

Момчето не знаеше на кој јазик е тоа „Скупи“. Не му личеше на англиски, уште помалку на некој збор нашински. Сеедно, криеше некаква тајна тој збор, криеше некаква тајна англичанецот - си мислеше тоа.

Во наредните средби, Еванс изнаоѓаше и изговараше уште потешки имиња.

- Нерес, Нереси - велеше низ заби тој.

- Нерези, мора да е тоа Нерези, потскокнуваше момчето како да открило неодгатлива тајна и како тоа име да го слушаше од најраните години.

- И таму има Римјани?

- Еванс тешко ги изговараше месните имиња, иако заинтересираноста на момчето му причинуваше огромно

задоволство.

- Таму на планината, има Римјани. Кај Марко... Има Римјани, кај Марко...

- Невозможно - велеше момчето. - Кај кој Марко...?

- Маркови Кули - покажуваше Еванс накај ридовите. - Остатоци од бисти, столбови, акрополи, бањи... Давина.

Кога го слушна зборот Давина, на момчето му стана појасно за што станува збор. Знаеше, според раскажувањето на старите дека Давина му била сестра на Крали Марко, а таква месност постои и на Скопска Црна Гора, кај селото Чучер. Таму момчето често одеше кај своите познајници. Не можеше да му се изначуди на англичанецот, на неговата упорност, на неговата волја, на неговата издржливост, на неговото знаење. Како да имаше некој маѓепсник пред себе. Чудотворец. Започна необично да го почитува овој човек, како да се другари со него или пријатели од памтивека. Не случајно, во себе, за секој странец имаше токму таква претстава: како за господинот Еванс. Особено за оние кои доаѓаа од краиштата од кои доаѓаше и тој. За колку кратко време англичанецот успеа да се провне секаде: низ градот, низ околината, низ локалитетите за кои момчето никогаш не беше слушнало. Последниот пат му рече дека бил и до Екши Су, до Кисела Вода. Во месноста Говрлево (дојденецот не можеше никако да го изговори името) открил стари мермерни делови, плочи, столбови, разурнати ѕидови.

На Еванс му причинуваше задоволство разговорите со момчето или на тој начин само сакаше да ја прикрие својата измореност. Сепак, му беше драго еден млад човек да го заинтересира за својата работа. Ги помина речиси сите римски и рановизантиски кастели и утврдувања во околината, се разбира, онаа поблиската. Главното го чуваше

за на крајот, бидејќи му требаа некои дополнителни истражувања. А неговото нетрпение сè повеќе се зголемуваше. Сè уште не можеше да каже дека тука некаде, блиску се трагите и тајната на Јустинијана Прима. Неговата интуиција, а и некои конкретни индиции му зборуваа дека таа мора да биде тука некаде, пред портите или во пазувите на овој град. Тајната ќе мора да се чепне во срцето, таму во родното место на Јустинијан и кастелот. Или како што момчето сега, на словенски, убаво ги изговара: Таор и Бадер и на Тврдината, над Чаршијата на која ќе мора да изврши дополнителни истражувања.

Еванс најпријатно се чувствуваше во доцните вечерни часови откако ќе се одмореше и ќе излезеше на прошетка во Чаршијата. Улиците беа полуосветлени, пусти и му се причинуваше како да чекори по прекрасниот град Јустинијана, толку убаво опишан од Прокопиј. Имаше некое претчувство Еванс, дека според боите и мирисите кои беа насекаде околу него, тој град мора да бил тука некаде. Некои негови делови беа видливи, а по некои се уште мораше да се трага. Не се работи само за претчувство, туку за конкретно присуство, - си мислеше англичанецот. „Кога се шета човек покрај овие кубиња од амамите обраснати со мов и плевел, покрај старите зданија од камена и цигла, покрај големиот Куршумли Ан, неодоливо му доаѓа да поверува дека се тоа оние бањи и пазаришта со кои Јустинијан го украсил својот сакан град“. Сепак, фактите покажуваа нешто друго. Во тоа Еванс не можеше да се излаже, и при аквите ноќни прошетки повторно се убедуваше дека „повнимателното изучување на тие згради со византиски стил покажува дека тие се градени подоцна од турските завојувачи.“ Но, не сите, не сите. Темелите на прекрасниот аквадукт за кој зборува Прокопиј, сигурно се Јустинијанови. Подоцнежните доградби на водоводот сигурно се турски. Постои и едно здание во близината на анот во кој тој е отседнат, а кое најверојатно е византиско. Останати се само темелите и неколку изгорени ѕидови. Нив

англичанецот се обиде да ги скицира во својот блок. Тоа се остатоци од Безистенот, сè уште сочувани траги од големиот пожар кога австрискиот генерал Пиколомини го запалил градот во 1689 година... Потоа, потоа трагите на Тврдината. Сепак, сите надежи на Еванс беа вперени кон она главното при неговиот престој во овој град, што го оставаше за на крајот. А можност да започне со реализација на тоа главното му се укажа уште утредента по ноќната прошетка.

Присуството на таква личност во градот, како што беше англискиот археолог Артур Џон Еванс, не можеше да остане незабележано. Луѓето го препознаваа на улица, го поздравуваaa, го поканувaa во нивно друштво. Добиваше најразлични покани што тој љубезно ги одбиваше. Најважен беше неговиот мир, за да може да ја изврши работата за која беше дојден. А друштвото на момчето му причинуваше посебно задоволство и го релаксираше. Евреинот Хаим, трговец и газда на анот, еднаш го запраша зошто не наврати во новиот дел од градот, преку реката. Таму, до Железничката станица, во хотелот „Турати“ се собира трговскиот и конзуларниот крем на Скопје. Се игра билјард, се разговара, и се пие по некоја чашка мастика. Англичанецот најљубезно одби претпочитајќи ја блискоста со старините на градот. А таа вечер требаше да има и едно незаборавно доживување, момчето го покани во една стара меана со музика, бидејќи знаеше дека англичанецот го сака тој амбиент на Чаршијата.

Меаната всушност беше слична на анот, во кој беше отседнат, само со многу поголема сила во долниот дел.
Имаше многу луѓе, силна музика, необични танчерки, мирис на печено месо и ракија. Седнаа на една маса резервирана за нив, момчето бликаше од среќа.

- Веројатно знаете зошто ве поканив - рече момчето. - Не треба да ви објаснувам?

Англичанецот благо се насмевна, и зборувајќи пополека, за момчето да може да го разбере, му ја раскажа целата приказна: за поводот на неговото доаѓање во Скопје, за царот Јустинијан и неговото родно место Таор, за славниот град Јустинијана, за тоа како долго време се трага по него - и никој не може да го пронајде! Тајниот, исчезнатиот град Јустинијана, како исчезната Атлантида. После ова раскажување, момчето не можеше да си дојде на себеси.

- Живееме овде а немаме поим за сето ова? - се чудеше. Таор - царско место!? Не верувам. Па, јас сум бил таму, знаете ли вие како изгледа тој крај?

Еванс повторно задоволно се насмевна. Додека зборуваа, музиката и танчерките пријдоа до нивната маса. Танчерките беа облечени во блескава, раскошна народна носија, музиката трештеше. Момчето се обидуваше да му објасни за што станува збор, иако тешко се слушаа.

- Така, - рече англичанецот, значи ова е „цоце...“.

- Не, не, „цоце...“ - се смееше момчето малку загреано од алкохолот. - Ова е чочек. Вистински македонски чочек. Ова никаде на друго место во светот нема да го слушнете.

Еванс му го соопшти својот впечаток дека жителите на овој град се многу симпатични, и дека со својата отменост и манирите го потсетуваат на луѓето и атмосферата во Цариград...

Момчето не ги слушна зборовите на англичанецот и замоли музиката и танчерките да се оддалечат. Еванс сега му ја соопшти идејата како да започне со реализирањето на својот главен потфат.

- Утре сакам да појдам до Таор и Бадер. Ако некаде се крие тајната на исчезнатиот град, тогаш таа е таму! Потребен ми е еден пајтон. Добро ќе платам!

Момчето малку како да се созеде од алкохолот, како да се отрезни, повторно погледна со воодушевување во англичанецот.

- Господе, зар ќе ја откриете тајната? Па, вие сте голем човек.

А потоа, сакајќи да му ја исполни желбата, му предложи нешто друго.

- Не ви препорачувам да патувате со пајтон. Местата се прилично оддалечени од градот. Подобро е со чеза. И побрзо.

- Како - рече Еванс - со „чез“, со „чуз“...

- Не, - рече момчето смеејќи се - со чеза. Сега ќе видите што е чеза.

Тоа скокна од местото и по неколку минутното договарање со пријателите присутни во меаната, набрзо пред вратата, во полуосветлената улица стоеше чеза впрегната со убав, расен коњ. До утре изутрина ќе биде наполно подготвена, и со неа англичанецот ќе може да отпатува за Таор и Бадер. Гледајќи љубопитно во запрегата, Еванс благонаклоно и со благодарност му се обрати на момчето:

- Значи, така. Велите, овде, во чаршијата нема римјани. А што е ова? Ова е вистинска римска двоколка...

Двајцата гласно се насмеаја, а не момчето од одушевување и почитта кон овој човек, некако спонтано му дојде и го прегрна англичанецот.

На патот кон Таор и Бадер, Еванс имаше многу време за размислување и повторно да скицира делови од своето истражување. Конечно, кон Таор и Бадер.

Кон Јустинијана, кон тој чудесен град кој го нема. Во себе, речиси неосетно го повторуваше зборовите на Прокопиј. Тие спонатано му доаѓаа во мислите и од нив речиси не можеше да се ослободи. А сето тоа, сепак, добро се вклопуваше во атмосферата што ја доживуваше и што допрва требаше да ја доживее. „Кај европските Дарданци, кои живеат од онаа страна на епидамниските граници, близу до кастелот наречен Бадеријана“ - мрмореше во себе Еванс - „се наоѓа село по име Тауресион, од каде води потекло царот Јустинијан, основач на светското царство“. Сето ова на Еванс му наликуваше на сон. Пределот низ којшто се движеше со чезата, и она возвишеното „основач на светското царство“ никако не се вклопува, но кој може точно да ги знае патиштата на човековата земна, и духовна судбина? Следните зборови на Прокопиј беа пресудни за неговите истражувања: „Укрепувајќи го ова место во еден зафат со ѕид во четириаголна основа и подигајќи на аглите кули, изгради на него Тетрапиргија и го нарече така. Кај тоа село изгради убав град и го нарече Јустинијана Прима, и на тој начин се оддолжи на родното место...“ Јустинијан во родното место изградил Тетрапиргија или Четирикулие, кастел, каков што била и соседната Бедеријана. Во нивна близина бил подигнат и славниот град. Ова е напишано во шестиот век, ова е напишано пред многу векови, зар може денес, на ова исто место, после толку време да постојат траги од кастелите и Четирикулијата? Можат ли денес, тие да се отворат пред него, кој е еден од првите научници кој ги истражува? Ако не веруваше, Еванс немаше никогаш да се занимава со оваа работа. Вековите во неговата професија понекогаш се само ситни зрнца песок, кои многу брзо се сронуваат и истекуваат од стиснатата дланка. Сѐ е вечност, и сѐ е само миг, истовремено. А како и би можело да биде

поинаку, во животот на еден човек, во животот на една цивилизација, кои се само вечност и само миг?

Тоа не значеше дека англичанецот не беше скептик или дека не чувствуваше страв пред неизвесноста на истражувањето. Таков страв чувствуваше и овој пат. Но, тој страв исчезна уште со неговото прво соочување со ископините во Таор. Да, постоеја ископини, за кои тој имаше сетило, дека ќе му се откријат, дека ќе проговорат, дека ќе му укажат на вистинскиот пат. Од час во час, стравот сè повеќе преоѓаше во понесеност, во воодушевување кои го гонеа напред. Чепкаше и истражуваше во широк радиус околу селото и во самото село. Мереше и премеруваше, речиси во транс бележеше сè, и сè педантно скицираше: на ритчето што селаните го нарекуваа Чешија, се издигаше необичен рановизантиски кастел. Под таа тераса, со очигледно терцијален состав, во подножјето, се наоѓаше шамакот или малото езеро, речиси мочуриште, преполно со трска и риба. Таа тераса се протегаше на исток сè до селото Бадер. Еванс повторно ја разгледа старата римска, Појтингерова карта на патишта. Како прва станица, јужно од Скупи, во должина од 21 милја, на неа забележан е Президиум, кој може да се поистовети со некогашната Бедеријана или сегашното село Бадер. Сè беше тука. Како да лебдеше во воздухот духот на Прокопиј, неговите зборови, неговите описи! А најблизок и најверен на описите беше токму тој, необичниот кастел, Тетрапигијата или Четворокулието. Среќа е што многумина до сега не чепкале по ова место, си мислеше Еванс, кога по долгите истражувања и премерувања, беше речиси сигурен - тоа мора да е Четворокулието за кое зборува Прокопиј! Кастелот е приспособен на теренот, на земјиштето, граден е во „праволиниски зафати“, бележеше занесено англичанецот, „присутни се агли од 45 и 90 степени, заради конфигурацијата добиен е неправилен четвороаголник. На врв од ритчето Чешија, и на посочената тераса се наоѓа токму тој - кастелот. Имал изглед на акропола, но и

функционирал како акропола“.

По грозничавите истражувања, му се случи тоа што мораше да му се случи - доби треска, покачена температура, и требаше извесно време да мирува, да лежи в кревет. Селаните во чија куќа отседна беа исклучително љубезни. Постојано му подготвуваа чаеви од некакви тревки, кои мирисаа привлечно во селската просторија што му ја одредија за боравок. Таа беше послана со рогозини, и во миговите додека мируваше, тие му раскажуваа за тајните и вештините на плетењето рогозини од трските со кои обилуваше шамакот, за необичните начини ловење риби кои само тие ги знаеја. Брзо се опорави и веднаш им се врати на истражувањата. Откри рановизантиски монети од Јустинијановото време, големи столбови од тацит, ископини од мермерни плочи и помали столбови со рановизантиски латински натписи, кои тешко можеа да се прочитаат, големи камени квадери, римски стели, делови од поранешна црковна градба... Потоа, по стариот римски пат се упати кон Бедеријана, од која исто така беше фасциниран. И таа била утврдување од типот на кастелите од Јустинијановото време, со главна порта на северниот и една на јужниот ѕид, со повеќе аголни кули, исто така големи столбови од бел мермер, делови од антички водовод, покривнитегули, керамика, питоси, делови од ранохристијанска базилика. Во некои записи, Бедеријана исто така се поистоветува со родното место на Јустинијан.

Еванс грижливо бележеше сè и скицираше. Беше повеќе занесен, задоволен и егзалтиран отколку изморен. Не станувaше збор само за фрапантна сличност во коренот на зборовите Таурезиум и Бедеријана, Таор и Бадер, и археолошките наоди упатуваа на повеќе сличности. Сега беше речиси сигурен: ако Прокопиј вели дека во близината на своето родно место ги изградил прекрасниот град Јустинијана, тогаш постои само една логика и друга не може да има! Од Таор и Бадер, до градот Скопје или до

Тврдината, има околу дваесет и пет километри. Таа близина одговара на градот кој може да биде подигнат на тие простори. Во шестиот век од разурнатото Скупи префрлани се огромни квадери на Тврдината, точно во времето на Јустинијановите градби. Оттука можеби е и тајната на стариот Јустинијанов ѕид на Тврдината. Во еден миг, прегледувајќи ги своите белешки и истражувања во селската соба послана со рогозини и примамлива миризба на тревки и чај, Еванс задоволно се насмевна во себе. На Тврдината и под неа, во Подградието и Скопската чаршија, каде што се наоѓаа анот и момчето, токму таму, можеби се крие тајната на исчезнатиот град Јустинијана Прима! Тој ја замислуваше стаписаноста, неверувањето и зачуденоста на момчето од една таква можност што се граничи со фантазија од која тој би се воодушевил.

Точно во закажаното време, во закажаниот ден, пристигна чезата од Скопје за да го врати назад. Иако знаеше дека момчето со нетрпение го очекува, Еванс повторно замина на Тврдината, пред да се појави во анот. Кога се појави, кога ги распосла пред момчето сите скици и цртежи, и кога тоа виде посебна светлина во неговите очи, со нетрпение, но и со некаква сигурност запраша:

- Тајната, па вие ја откривте тајната? Да ви кажам нешто за што размислував додека бевте отсутен: вие сте маѓепсник, откривач на тајни градови, вие сте мудрец кој го пратил Господ да ги открива загатките на светот.

Очекуваше брз и дециден одговор од Еванс, но тој мирно стоеше до прозорецот загледан во луѓето во Чаршијата. Наместо да му одговори на прашањето само рече:

- Ќе се вратам, повторно ќе се вратам.

Момчето знаеше дека со ова се приближува крајот, нивната разделба. Тоа утро, како да се повтори истата слика од

доаѓањето: во малата тесна уличка во Чаршијата што водеше угоре кон црквата, стоеше истиот пајтон. Во него момчето повторно ги внесуваше: тешките кофери, големите ролни што се одвиткуваа, мапите, иструментите, дуљбијата. Пајтонот беше подготвен. Тие стоеја еден спроти друг на улицата на која сè уште немаше многу врева. Во ушите на момчето одѕвонуваа зборовите на Еванс, „ќе се вратам“. Дали некогаш навистина ќе се врати, кој може да каже точно какви се патиштата на животот? Особено на еден ваков патник и волшебник? Се ракуваа. Иако момчето имаше силна желба, и од почит сакаше повторно да го прегрне англичанецот, му беше незгодно. Се воздржа.

Еванс влезе во отворениот пајтон, и запрегата тргна. Го очекуваа нови патувања, нови возбудливи трагања на островот Крит. Откривањата на Дедаловите лавиринти, на прекрасната Минојска палата. Момчето му мавна со рака, иако англичанецот не се сврте. Пајтонот грабеше кон Камениот мост, а потоа кон Железничката станица.

Додека стоеше вкочането како една од оние камени скулптури што ги обожаваше археологот, момчето почувствува како во окото сосема незабележително му набабрува една голема, крупна солза. Со двете раце започна да ги трие очите, убедувајќи се себеси дека тоа сепак не се солзи.

Тоа беше вообичаено штипење на очите од големата прав од улицата што се крена по тргнувањето на пајтонот, со кој англичанецот ја напушти Чаршијата.

# ЦАРОТ

Царицата Теодора штотуку беше допатувала од топлите бањи во Питија, во Битинија. Во тие мигови, таа не отседнуваше во Августеонот, туку во старите зданија наоколу, со богати градини и цветни алеи, што се протегаа

сè до Босфорот. Во тие долгоочекувани пристигања на царицата од топлите бањи, имаше нешто необично и возвишено, како да пристигаше царската војска после некој долг, победоносен и величествен поход. Целата престолнина беше изместена од вообичаениот животен тек, а имаше и зошто. Во нејзината придружба се наоѓаа кубикулари, патриции, гардисти, кои сите заедно сочинуваа огромна толпа од околу четири илјади луѓе. На овие патувања, во нејзина близина постојано беа префектот Минас и comes largitionum Елиас. Тие се грижеа за сите нејзини потреби, беа нејзини блиски соработници. Таму, во раскошните зданија крај Босфорот, по повод нејзиното доаѓање, од Августеонот мораа да пристигнат и сенаторите за да ја пречекаат. Теодора посебно уживаше во таа глетка: сенаторите, поредени еден зад друг, и приоѓаа поединечно и се наведнуваа за да ѝ ги бакнат нозете. Таа уживаше во тоа неискажливо блаженство што го чувствуваше гледајќи ги поднаведнатите сенатори и беше горда што успеа тој церемонијал да ѝ припадне и нејзе како на царица а не само на царот.

Царот ја очекуваше во Августеонот: нестрплив, но подготвен. Требаше да почека таа да се одмори, да се опорави од патувањето, и утредента повторно да бидат заедно. Веќе го гледаше нејзиното среќно лице развлечено во благодарна насмевка, гледајќи воодушевено што сè досега тој има сторено за неа. Само неговата моќ и сила можеа тоа да ѝ го обезбедат, за што јасно зборуваше секој нејзин допир, нејзин поглед, нејзин гест. Таа ќе биде среќна, мислеше царот. Најпрвин Прокопиј, а потоа и Герман му ги доставија бараните податоци, грижливо подредени и спакувани во посебно ковчеже ставајќи го пред него. Тој, речиси отсутен за околината, гледаше во ковчежето како на најголема скапоценост. Внимателно го приближи кон себе, го отвори, а потоа занесено ги одмоткуваше свитоците со прибелешките.

- Да, да - мрмореше тивко за себе царот, а тој шепот и не допираше до Прокопиј и Герман кои се притаија како да ги нема. - Не постои повеќе Антиохија, сега постои само Теополис. Анасертон во близината на границата со Персија сега е Теодориас.

Тоа име Јустинијан го изговараше со посебно задоволство: Т-е-о-д-о-р-и-а-с. Се вслушуваше во изговорените гласови како да бараше во нив некое совршенство, бидејќи тоа име за него беше свето и возвиешено. Теодориас. Не смееше ништо да недостига, погрешно да се изговори или напише. А кога ќе ја спомнеше далечната Колхида, посебна топлина чувствуваше околу срцето. На Колхида постои градот - Теодоријада, посветен на царицата. Како чудесно звучеше тоа Т-е-о-д-о-р-и-ј-а-д-а. Но, најгласно го изговараше и најдраго му звучеше медитеранскиот град - Pulchra Teodora. Убавата Теодора. Многу повеќе од оној Мизискиот-Теодорополис... Сите тие градови го носеа нејзиното звучно име.

Доаѓањето на царицата од бањите во Питија како да го направи Јустинијан свесен за присуството на Прокопиј и Герман во просторијата, бидејќи бањите беа една од причините тој да ги повика кај себе. Застанувајќи пред царот, на Прокопиј не му беше потребно да му се постави прашање, тој веднаш го знаеше одговорот:

- Во термите во Питија - рече Прокопиј - изградена е посебна палата за царицата. Според известувањата што ги добив таа е завршена непосредно пред нејзиното пристигнување во Битинија. Специјалната бања и санаториумот знам дека се завршени. Во прашање е само храмот... Можеби и тој е...

- Нема можеби. Нема можеби, драг мој Прокопиј, мора веднаш да се провери - рече царот со благ прекор во гласот.

Прокопиј знаеше што значи тоа: тој веднаш требаше да се повлече и да ги провери сите податоци околу ѕидањето на храмот. Иако царскиот хроничар не можеше тоа гласно да го изговори, знаеше дека царицата ќе му приговори и царот ќе се чувствува непријатно заради тоа. Мораше сѐ да биде во ред пред да се појави пред нив таа, змија од пустината, таа монофизитка, таа сојузничка на демоните, мислеше Прокопиј, подготвувајќи се за скорешната средба со царицата што беше неизбежна. Герман имаше повеќе среќа, неговиот извештај му се допадна на царот. Прекрасната статуа на царицата одамна е завршена и поставена во Аркадиските терми. Порачката на надбискупот Максимилијан за мозаикот во катедралата Сен Витале во Равена веќе е разгледана и одобрена. Равенскиот банкар Јулијан, финансиерот, ги одобрил средствата за што има потврда и од министерот Јован Кападокијски. Герман виде задоволство во очите на царот, но и нешто повеќе што во тој миг не можеше да си го објасни: царот како да се подготвуваше за нешто несекојдневно и возвиешено, што на Герман му изгледаше чудно и необично бидејќи не гледаше никаква причина за тоа.

Напладне, царицата се разбуди со истото чувство што ѝ се јавуваше подолго време. Имаше чести промени на желбите кои таа не можеше никако да си ги објасни. А и нема што да се објаснува, си мислеше, во ретките мигови кога имаше време да размислува за тоа. Сакаше да доживува силно сѐ околу себе, да поседува и да допира убави нешта, да подарува, да подарува безмерно, безгранично, богато и раскошно, со што ги воодушевуваше луѓето наоколу, и тоа ѝ причинуваше задоволство. Како да се плашеше од нешто во себе, некој глас кој ќе ѝ рече дека е недоволно сето тоа што го прави. На патот, до бањите во Битинија, богато го даруваше секој манастир, на персиската владетелка ѝ испрати такви скапоцени дарови што веројатно и таа самата била изненадена. Градеше нови палати и капалишта. Не знаеше зошто во последно време започнаа да ја опседнуваат

столбовите. Беше убедена дека столбовите се врв на убавината и раскошот. И тогаш го направи оној гест за кој зборуваше целата престолнина. Тоа не беше расипништво, не беше раскош. Зар стремежот да се досегне убавината, по било која цена, е расипништво и раскош? Нареди да се изгради базилика во Антиохија. Украсните столбови беа донесени дури од Цариград. Најубавите, најмоќните што воопшто дотогаш беа направени од најубав мермер.

Тоа нејзино прво пладне и прво разбудување по пристигањето од Битинија нареди да и се донесат најубавите јадења, да биде тоа обилен ручек бидејќи појадоците обично ги преспиваше. Сите поважни личности од гинекејот беа околу неа, особено персоналот од кујната. Беа послужени сите јадења што можеа да се набават од престолнината, од нејзината околина, од границите на царството, од новоосвоените земји, сè до необичното и егзотично овоштие од Африка.

Кога се појави пред царот, таа бликаше од среќа, убавина и свежина, бидејќи знаеше дека тој сака да ја види таква. Овој пат не се сретнаа во градината како обично, туку во главната, приемна сала на Августеонот. Имаше многу достоинственици, кубикулари, сенатори, префекти, надбискупи. Од страната на царот, поблиску до него стоеја, Трибонијан, Јован Кападокијски, Герман и Прокопиј. Во непосредната близина на царицата постојано беа неразделните од неа, најблиските соработници Минас и Елиас. Што ли сега таа има смислено, мислеше Прокопиј, гледајќи во Минас и Елиас од чии лица се читаше надменост и надмоќ. Тие, како птици грабливки постојано очекуваа некаква корист, некаква награда од царицата. Изразот на разгаленост и среќа на лицето од Теодора исчезна веднаш по влегувањето кај царот, и вообичаената куртоазна церемонија. Заслужената награда од царицата што Јустинијан толку многу ја очекуваше по сè изгледа ќе мораше да почека.

- Ова е скандал - повторуваше таа седнувајќи до Јустинијан, додека Минас и Елиас исто така нешто мрмореа во знак на поддршка на царицата. Сите беа во некакво исчекување.

- Каква е таа статуа, таа биста што ме претставува таму, во термите? Тоа е срам за мене, срам за царството.

Минас и Елиас потврдуваа со главите. Вџашеноста и изненадувањето царот и овој пат ги прекри со блага насмевка.

- Царицата сигурно не е задоволна, да се повика скулпторот - рече тој помирливо само насетувајќи во што е проблемот. Прокопиј немаше потреба да ја прикрива својата вџашеност. Нервозно гледаше ту во царот и царицата, ту во присутните во салата, ту во Герман од кого бараше поддршка. Тој немаше што да насетува, знаеше сигурно: скулптурата не ја досегнува убавината на царицата. Нејзината небеска убавина ја нагрдува тој погрешно обликуван камен, тој камен не може да ја досегне мекоста на нејзината кожа, светлината на нејзиното лице, витоста на нејзината тело. Тоа го потврдуваа револтираните, но понизни искази на Минас и Елиас. Бидејќи скандалот навистина беше на повидок, царот нареди да се распуштат достоинствениците, да се испразни салата и тој да остане насамо со царицата. Тоа очигледно беше нејзината намера. Прокопиј сметаше дека ова однесување ги надминува сите граници и дека таа ќе треба да се открие и разоткрие докрај, дека дојде времето кога царот треба да дознае и сознае сѐ, да се соочи, да, да се соочи со својата заблуда, да се соочи со вистината. Прокопиј знаеше дека нема време, дека може да биде предоцна, и дека сето тоа му го должи на царот, таа гордост на Ромеите и обновувачот на Римското царство. Беше цврсто решен, повеќе од било кога другпат да ја оствари таа своја идеа. Таа не може повеќе да се измолкнува, ги знаеше нејзините тајни, нејзините лузни и

уште повеќе ќе чепка по нив. Тој беше сигурен како ќе заврши оваа средба. Како и каде ќе заврши нејзиниот ден.

Царицата му се умилкуваше на царот и нежно го прегрнуваше, додека излегуваа во потрага по свежина во пространиот тремот на царската палата наречен Халке. Царот веднаш ја сфати нејзината лутина и желбата да биде насамо со него, за да му ја искаже својата љубов. Не беше сосема убеден во пораката од онаа нејзина лутина со несреќно изработената скулптура, но токму затоа мораше да ѝ ги спомне градовите. Кога ги спомна градовите, посебно оние со нејзиното име, таа се разведри и го поведе царот кон длабочината на тремот од царската палата, каде што се наоѓаше големиот насликан ѕид. На средината од монументалната слика беа насликани царот и царицата. Весели, со насмеани лица ја славеа победата од царевите походи. Пред нив беа заробеници и победените кралеви Гелимер и Витигез. Тука беше и славниот царев војсководец Велизар, потоа многу војска и сенатори.

- Историјата, преданијата, човечките животи, сè се бележи на камен. И градовите се запис врз камен - рече царицата занесено гледајќи во монументалната слика. - Еден ден, кога ќе исчезнат настаните и луѓето, преданијата, нашите животи, ќе остане само тоа што е запишано на каменот. Ќе остане говорот на градовите. Ништо друго. Затоа јас се лутам на создавачот на мојата биста. Тој камен искривено ме прикажува. Значи, искривено ја прикажува историјата. Ако се згреши тој, каменот, грешката е уште поголема.

Кога царот посебно расположен се обиде нешто да изусти, со внимание загледан во сликата, царицата продолжи:

- И затоа не се слагам со твојот летописец. Со Прокопиј. Тој лисец смета дека записите на неговите хартии се вечни. А доволно е само да дувне ветерот... И нив ќе ги снема.
За да го одоброволи уште повеќе царот, навидум

закрепнувајќи го неговото достоинство, а всушност следејќи ја својата мисла, таа си спомна на стиховите на Павле Силенцијар кој поетски го слави царот Јустинијан и возвишено му се обраќа. Царицата ги знаеше стиховите наизуст:

*Живеј цару наш уште години многу*
*и ширија светлината на Запад и Исток*
*зашто само во Тебе е надежта сета*
*и на утрото и на вечерта*
*благословен и фален цару.*

Тој љубопитно и благодарно погледна кон Теодора:

- Сепак, ќе траат овие стихови. Сигурен сум во тоа. Можеби не колку овој ѕид, и оваа слика...- рече. -А сликата, зар не е прекрасна?

И кога очекуваше одобрување, Теодора всушност дури сега му ја кажа вистинската причина зошто го доведе во тремот Халке. Тоа беше многу важно за нивните животи, посебно за царот. Не ѝ се допаѓаше таа слика, како Јустинијан е претставен на неа. Низ какви сѐ парадокси и лавиринти беше способна да се провне оваа жена царот не можеше ни да наслути.

- Ми кажува послугата - рече таа - дека јадеш малку, уште помалку спиеш. Преокупиран си со походите, со војската и со Велизар, со кого си заедно и на оваа слика.

По овие зборови таа нежно го прегрна молчешкум поканувајќи го да ја продолжат прошетка низ тремот на палатата. Нејзината љубезност беше опасна и убиствена.

- Зошто само идеи, само големи идеи? Зошто не ги користиш сите задоволства, малите нешта што го

чинат животот? Па ти и не уживаш во животот, цару мој. Наместо на оваа слика со војска и походи, наместо Африка и Египет, би сакала да те видам насликан во твојот роден крај, во твојот Тауресион, во твојот шамак, дополу меѓу трски и риби, а со главата загледан угоре кон прекрасното и чисто небо на Илирик. Навечер, под ѕвездите, вешто да ги плетеш своите кошници и рогозини од трски. Опседнат со една идеја, со голема идеја, човек и не го гледа светот, може да полуди. Врати се во селото, врати се во родниот крај, селанецу мој илирски. Гледај на светот со отворени очи. Барем така ќе му се оддолжиш на своето место, барем така ќе бидеш најблиску до себеси. Изгради град, изгради најубав град, изгради најмоќен град и архиепископија, цару наш, благословен и фален. Што мислиш зошто јас ги сакам градовите, ги обожувам, не затоа што сум опседната со нив, туку затоа што ми причинуваат задоволство. Секој град едно задоволство, едно уживање повеќе.

Царот беше повеќе занесен и воодушевен од обраќањето на царицата, отколку што се чувствуваше повреден. Не го повредуваше ниту она „селанец“ ниту она со шамакот, плетењето рогозини и кошници. Напротив, тој ја гледаше занесно и опчинето, а таа, чувствувајќи ја својата моќ и во најмалото делче од своето тело, знаеше дека е на добар пат.

- Неодамна дознав еден податок кој ме изненади - рече царицата со малку помирен глас. - Велизар, со кого сме заедно насликани на ѕидот во тремот Халке, твојот славен војсководец во војните против Готите, Вандалите, Франките и Персите, нашиот нов Александар Македонски, победоносецот од Африка, обновителот на моќта на царството, и тој е роден во Илирик, вие сте од истиот крај? Вие сте земјаци?

Царот гордо потврди со главата.

- Тогаш, градете го својот град. Градете го, зашто тој ќе ве прослави можеби повеќе од вашите походи. Градете, зашто градовите траат, селанчишта мои илир-ски! Горда сум на вас, горда сум на вас!

Царот ја поведе на крајот од тремот каде што се наоѓаше неговата работна соба. На масата, покрај ковчежето што му го донесоа Герман и Прокопиј, беа расфрлени многу мапи. Мапи од антиката, и од неговото сегашно царство, со прецизно забележани места и детали.

- Со Трибонијан ја подготвивме Новелата за подигање на градот. И даночникот Јован Кападокијски е во тек. Сè е готово - рече царот приближувајќи ги мапите кон себе.

- Ова се прецизни податоци за патиштата кои јас наредив да се обноват. Правецот води од разурнатото Skupi преку Presidio и Thessalonica сè до престолнината. На оваа понова мапа тој правец е уште подетален и поширок: Naissus – Ad Herculem – Anausaro – Skupi – Tauresium - Stopis – Thessalonica, до Константинопол.

Новелата беше адресирана од царот до Келијан, првиот архиепископ на Јустинијана. Царот Новелата ја држеше во рацете, и Теодора беше првата што го слушна гласно изговорено она што беше напишано во неа:

- „Сакајќи на многу разни начини да ја возвеличиме нашата татковина во која што Бог ни даде право да дојдеме и овој свет кој самиот го основа... Сакаме... сегашниот свет претставник на нашата татковина Јустинијана Прима да не биде само митрополит туку и архиепископ во полза на сегашниве прилики... црковната власт да се зголеми до највисок степен“.

Царот читаше испрекинато, со паузи, погледнувајќи повремено во царицата за да види каков впечаток оставаат

врз неа неговите зборови, а потоа продолжи да ја истакнува моќта на новиот град: „...под негова власт да бидат и определените провинции, како самата Средоземна Дакија, па Мизија и Дарданија, и провинцијата Превалитана, Втора Македонија и дел од Втора Панонија, која што се наоѓа во Бакенската област“.

За миг, двајцата се гледаа в очи без ништо да проговорат. Потоа Теодора изусти сосема тивко: - Јустинијана. Јустинијана Прима. Ке биде најмоќниот. Најголемиот град, што ќе раскажува за вас низ времињата, дури постои светот и векот... Царот, од силниот блесок во нејзините крупни очи не можеше да одреди дали е тоа опседнатост, оној само нејзе својствен пркос или радост и уживање од создавањето на новиот град?

Теодора мораше да се врати во гинекејот. Прокопиј точно предвиде како ќе заврши средбата. Забележувајќи го нејзиното влегување во гинекејот горчливо се насмеа. Не познаваше жена од историјата, не познаваше жена од сегашноста која наликуваше на неа. Од гинекејот, постоеја тајни ходници што водеа во просториите - во подземјето. На еден чуден начин таа ги мешаше рајот и пеколот, на чуден начин тие ѝ беа на дофат од раката. Рајот и пеколот. Беа еден над друг, но и еден во друг. Рајот беше Августеонот - со сите задоволства и раскошот, а пеколот, просториите долу - кои всушност беа палата! Хормиздината палата! Таа за царицата беше еден вид чистилиште или барање Спасение. Но, за Прокопиј - тоа беше најцрниот од сите можни пеколи! Тој не можеше да биде ниту сигурен што за оваа жена точно претставува рајот, а што пеколот? Кога ја замисли како по тајните ходници тивко слегува во долната палата, на лицето на Прокопиј се јави горчлива насмевка. Насмевката на лицето на царскиот летописецот ќе беше уште погорчлива ако знаеше што сѐ оваа жена му подготвува во врска со неговите летописи и славниот град Јустинијана Прима.

# ХОРМИЗДИНА ПАЛАТА

Не можеше да ја заборави пустината во себе. Бог на крстот не чувствувал болка зашто не поседувал човечко тело. Бог е еден, безгрешен и вечен. Тој е над болката и телото, значи и над задоволството. Мораше да побара Спасение, зашто Бог е голем и праведен, знае да казнува, но и да простува. Веруваше дека има сили да ја досегне прошката, иако дамарите во неа зборуваа за нејзиниот страв: дали искушенијата ќе бидат доволни за простувањето и очистувањето? Ако Тој не трпел болка, ако бил чист, безгрешен и неизвалкан, како ли тогаш сурово ќе ја казнува извалканоста, гревот, и задоволствата?

Пред да појде долу, мораше да си овозможи уште едно задоволство всушност една казна која долго време ја одлагаше. Мораше да се пресмета со тој лисец, со Прокопиј, тој вљубеник во царот, вљубеник во Хомеровите епови и античките трагичари, најголемиот дворски летописец, големиот историограф на Ромеите, дворскиот книжевник и секретар на царот. Мораше дефинитивно да го порази додека за неа не биде премногу доцна. Ѝ се смачуваше од неговите писанија, посебно што сега тој требаше да го состави, да го напише најголемото писание во својот живот. Писание за градот Јустинијана Прима.

Прокопиј не очекуваше царицата да дојде во неговата работна соба. Таа веќе подолго време му најавуваше дека треба да се видат, но тој ниту на сон не можеше да си претпостави какви барања Августа ќе постави пред него. Иако изненаден, тој беше љубезен, таа исто така љубезно се извинуваше. Рече дека има одобрување од царот за оваа посета. Зборуваше дека станува збор за мали нешта, но тие неа особено ја засегаат бидејќи се работи за книжевни описи кои таа не ги почитува, но кон кои се однесува крајно внимателно. Уште повеќе што тие се однесуваат на една

исклучителна градба, гордост на царството и царот, која треба да ја пренесува неговата слава низ времињата.

- Дали панегирикот е готов? - праша со исклучителна љубопитност царицата. - Описот на градот и описите на деталите?

- Да, - рече збунето Прокопиј, отворајќи го ковчежето со хартиите, не можејќи никако да си објасни што таа сака од него. - Можете да го прочитате - рече тој подавајќи и го панегирикот - Тоа ќе ми причини задоволство.

- Не, - рече Теодора станувајќи нервозно од столицата на која штотуку беше седната. - Вие самиот ќе ми го прочитате. Дел по дел, збор по збор.

Со хартијата в раце, сега Прокопиј седна, сиот во исчекување, додека таа стоеше над него. Започна да чита, преправајќи се дека целото внимание му е упатено кон хартијата и читањето, иако потајно гледаше во царицата и нејзините реакции. Најпрвин, го спомна родното место на царот, Тауресион, а потоа продолжи:

- „Крај тоа село изгради убав град и го нарече Јустинијана Прима, бидејќи така сакаше царот, и му се исполни неговата желба".

- Не знам дали ја сфаќате баналноста на овие реченици - побрза да рече царицата обидувајќи се да го прикрие зајадливиот, а да го потенцира достоинствениот тон во својот глас.

- Првиот дел е можеби и добар, но на што личи вториот? „бидејќи така сакаше царот и му се исполни неговата желба" - повтори таа. - Лошо. Малку повеќе топлина, повеќе возвишеност. На пример: и на тој начин му се оддолжи на родното место што го одгледало. Зар тоа не е

подобро? рече Теодора понесено.

Прокопиј молчеше.

- Подобро е, далеку подобро - продолжуваше воодушевено царицата. - Поврзете го првиот и овој вториот дел, ќе видите колку тоа прекрасно звучи.

Прокопиј го прочита целиот тој пасус: „Крај тоа село изгради убав град и го нарече Јустинијана Прима и на тој начин му се оддолжи на родното место кое што го одгледало“.

- Прекрасно, прекрасно - сугерираше Теодора. -Продолжете.

- „Изградувајќи канал од води што вечно течат, стори градот да изобилува со вода...

- Само толку? Вие пишувате како воопшто да не сте го виделе градот - го прекина таа пред тој и да заврши. - Не може така, не може така, драг мој, летописецу. Зар вака не е подобро? Слушајте и запишувајте! - „исто така и многу други величествени работи изгради, достојни за долго спомнување на основачот на градот“.

Прокопиј веќе ја сфати нејзината намера. Седеше само навидум мирен, слушаше и запишуваше. Таа зборуваше гласно, како да рецитира, како да држи говор:

„Посветените, пак, на бога места, не е лесно да се набројат, гостилниците за војсководци тешко е да се искажат, па, големината на тремовите, убавината на плоштадите, кладенците, улиците, бањите и пазарите. Едноставно, град голем, густо населен и во се друго толку богат за да биде метропола на целата област... И така тој му ја возврати славата на царот. Градот се фали дека го одгледал царот, а царот, наспроти тоа, се гордее дека го создал градот“.

Зар ова не е прекрасно? „Невозможно е да се раскаже сè точно и подробно - рече таа завршувајќи - бидејќи секој опис е подолу од величието на тој град, којшто му е достоен на василевсот“.

- Ова на крајот е добро речено - не запираше царицата. - Можете и тоа слободно да го запишете.

Прокопиј не знаеше кога таа иронизира, кога е зајадлива, а уште помалку кога е сериозна.

- Напишете го сето тоа, и царот ќе ви биде бескрајно благодарен - рече, сакајќи да си замине надмоќно како што надмоќно и дојде.

Не се надеваше дека Прокопиј ќе има храброст да ја запре на вратата, при излегувањето. Но, Прокопиј го направи токму тоа, знаејќи дека треба внимателно да постапува: копјата се вкрстени, но битката не е завршена. Ова беа можеби пресудните моменти кога тој требаше да биде мудар и претпазлив. Се трудеше да го одбегне треперењето на својот глас:

- Славна Августа, знам дека не ги сакате записите и писанијата, зошто тогаш сето ова? Зошто сакате да ги направите подобри зборовите на еден скромен запишувач, кога, како што вие самите велите, сè ќе исчезне како правта уште со првиот допир на ветрот? Зар не е сеедно како ќе биде напишано она што е толку трошно и минливо?

Теодора не дозволи да биде изненадена, иако не очекуваше вакво прашање. Во нејзините очи за миг блесна оној препознатлив, силен пламен, и таа, на излегување, речиси стоејќи во тремот, успеа да му одговори:

- Ќе исчезнат, ќе исчезнат, тоа е сигурно. Но, зошто царот сега да не се радува на убавите нешта, па макар тие биле и напишани? Барем да бидат добро напишани!

Прокопиј остана сам. Сето ова толку брзо се случи што не можеше уште да се соземе. Каква иронија и каква дрскост. Таа знаеше дека силно го повреди, го понижи. Иако сакаше да изгледа смирен, беше избезумен. Не заради понижувањето, колку тоа и да остава лузни, зашто понижувањето еднаш сигурно без трага ќе исчезне во дебелите пластови на времето. Но, што ако пред царот не успее да се избори за првобитната варијанта на својот текст, и ако овој, вториот панегирик, остане и продолжи да сведочи низ вековите? Кој текст ќе остане? Беше избезумен, но не се предаваше. Можеби е добро што вака се случи, за еднаш да му стави крај на сето тоа. Ке ја следи упорно, веќе не се повлекува. Знае каде ќе биде следните денови, следните недели. Таа ќе вели дека ќе биде во палатите од другата страна на Босфорот, а всушност ќе биде долу, во подземјето. Во светот и меѓу луѓето кои можеби уште повеќе ја почитуваат од оној горе, во Августеонот.

Царицата не можеше да ја заборави пустината во себе. Затоа ја премести во подземјето, во Хормиздината палата. Сè беше тука, покрај неа, како некогаш. Тука беа и пустиниците Јаков, Зорас и Варадеј. Тоа беше пустина каква што не можеше да се види во ниту една друга пустина, ниту било каде на друго место. Гласови на стотици верници аскети доаѓаа во бранови како силен шум од морето. Гласови на десетина јазици на луѓе дојдени од сите страни на царството кои зборуваа: грчки, сириски, латински... Во полумракот, пламен од свеќи, чад од насекаде расфрлени жртвеници за вршење на службата божја, гласови од црковно пеење и молитви кои како да доаѓаа од некој друг свет. Аскетите јадеа корења што ги корнеа од влажната земја и мемлата по темните ходници и подруми. Држеа огромни, тешки камења и мермерни плочи врз плеќите

неколу денонoќија. Со огромни синџири и клинци оковани во ѕидовите издржуваа со недели не испуштајќи ниту глас, освен во миговите на молитва. Варадеј, соѕидан во мала, ниска келија, седеше постојано полунаведнат и отсутно загледан во ниските решетки пред себе. Веќе неколку години не излегуваше од ќелијата. Зорас, сам, искачен на столбот, го поминуваше речиси целиот свој живот. Имаше многу свои приврзаници, истомисленици, стилити, кои го следеа. Теодора восхитено беше застаната под столбот одушевувајќи му се на Зорас. Столбот, тој симбол на убавината и моќта, но и на самооткажувањето, победата над себеси, и чистото, неизвалкано спојување со Севишниот. Столбот, силниот, нескротлив изблик на машкост и цврстина, страста што таа сега длабоко ја потиснуваше во себе и не сакаше да признае дека постои. Теодора ги обожуваше овие луѓе, ги сметаше за вистински апостоли на Христа. Таа доаѓаше тука да го прими нивниот благослов, да побара Спасение. Но, благословот не беше доволен. Таа требаше да се измеша со нив, да биде дел од нив, зашто Спасението не доаѓа брзо ниту самото од себе. А дали тоа воопшто е достижно, дали Господ таква каква што е, ќе ја прими во своите пазуви, ќе ја стави врз неа својата чиста рака за простување на гревовите, а Неговата светла мисла ќе ѝ го покажува вистинскиот пат? И кој е вистинскиот пат? Ја приковуваа заедно со Јаков на ѕидот. Не чувствуваше болка, само ѝ недостасуваше, во долгите часови на соочување со себеси и загледаноста угоре, светлото, чисто небо над Египетските пустини што некогаш ја просветлуваше и ѝ даваше сила. Сепак, во височините на таа голема, замрачена просторија од Хормиздината палата, со испарувањата, чадот и пригушените пламени, ѝ се причинуваше како да го гледа сето свое минато, себеси низ времето и заради тоа мораше уште повеќе да страда. Не беше ништо измачувањето на телото спрема часовите на бдеење со посебни молитви што мораше да ги помине. Се затвораше во соѕиданата, тесна соба веднаш до Варадеј, полуисправена. Не смееше да ја совлада сонот, не смееше да спие ниту со отворени очи. Во

тие мигови на бдеење, на зашеметеност од слаткиот повик на сонот и стравот да не се исчезне во него, како да пловеше по некои бели пространства, без крај, без пристан, и чувствуваше како ја позема вечноста и бескрајноста на Божјото битие и неговата Добрина. Теодора најмногу му посветуваше внимание на ритуалот на постот. За таа цел, во Хормиздината палата го покани славниот испосник Мара. Му вети, ако дојде, таа лично како царица, ќе го опслужува. По долгите, исцрпувачки испоснички денови поминати заедно со Теодора, Мара седнуваше на масата за да го добие својот скромен оброк. Таа му носеше суви корки од леб, корења и растенија што тој ги порачуваше. Од гладта, а уште повеќе од стравопочитувањето што го имаше кон овој аскет, кога тој ќе станеше, таа се нафрлаше врз масата, ги собираше и јадеше неговите трошки, тие свети трошки, зашто беше гладна и незаситна, како ѕверка која долго време скитала низ шумата. Таа монофизитка, таа змија од Египетските пустини, повторуваше вџашено во себе Прокопиј додека ја гледаше, измешан во толпата во која никој не можеше да го препознае.

Спасението мораше да оди со правдата, а најчесто правдата и казната се две сестри неразделни кои не можат една без друга. Таа мислеше дека светот ќе почива на злото, ако неправдата, посебно неправдата кон себе не ја казни. Беше тоа некое провидение што постојано ја потикнуваше да го казнува нечестивиот околу себе. Нечестивиот, кој толку многу се намножуваше заканувајќи се да го загуши светот. Ги казнуваше посебно оние што неа ѝ застануваа на патот или оние што некогаш ја газеа безмилосно додека таа самата беше во калта. Во Хормиздината палата, во нејзиниот втор дел се наоѓаше и затворот, до кој исто така се доаѓаше низ темни ходници и подруми. На лесен начин се преоѓаше од просториjата на аскетите до затворот, како што таа на лесен и чуден начин ги поврзуваше Спасението и Правдата. Нареди пред затворските ќелии да го доведат Хецебол, истиот оној расен и преубав мажјак кој така

свирепо ја напушти во Египетските пустини. Од долгиот престој во ќелиите тој беше свенат, истоштен, наполно гол. Теодора му пријде одблизу, го загледа и започна да се кикоти. Хецебол гледаше отсутно, тешко можеше да сфати што се случува, а уште помалу што го очекува. Нејзиниот кикот станувaше сè посилен. Гледајќи го неговиот фалус, неприродно издолжен, омлитавен, ѝ заличи на долга воловска жила. Се сврте кон чуварот и му нареди да донесе вистинска, долга воловска жила. И додека чуварот, крупниот Нубиец му ја виткаше воловската жила на Хецебол околу вратот, кикотот на Теодора не престануваше. Хецебол започна да се задушува, се чинеше како да се задушува од стегата на сопствениот фалус. Стегањето на Нубиецот беше толку сурово што очите на затвореникот започнаа да испакнуваат, болно да пулсираат. Во еден миг, чуварот стегна толку силно, што очите на Хецебол буквално испаднаа од очните дупки, се стркалаа на подот како две топчиња од некоја необична детска игра. Силниот кикот на Теодора сигурно можеше да се слушне во погорните простории, над затворот, во поправилиштето Метаноја, Метаноја која беше третиот, за Теодора најважниот дел од Хормиздината палата. Прокопиј, подоцна, иако сè уште возбуден од глетката со Хецебол запиша: „злите духови се погрижиле ниту едно најскришно место од царството да не биде поштедено од нејзината бесрамност... Таа најдаровита учителка на сите бесчесности, жедна за крв од светите мажи“.

За царицата постоеше свето тројство на кое таа му обрнуваше посебно внимание. По секоја цена. Спасение, правда, покајување. А тој трет дел од Хормиздината палата посебно засегаше во нејзината интима, во нејзиниот изминат живот. Го основа поправилиштето Метаноја, покајување, веднаш над затворот, чии прозорци и малата тераса се извишуваа над острите, стрми карпи од морето, од каде што постојано допираше застрашувачка бучава на брановите. Некој мораше да се грижи за тие незаштитени,

пропаднати девојки оддадени на проституција. Напуштени, осамени, бивши танчерки, артистки, циркузантки, учеснички на игрите во Хиподромот. Чувствуваше сожалување за тие кутри суштества кои сакаше да ги згрижи, да им помогне, да измолат прошка Господова, да заборават на сè, да се превоспитаат. Понекогаш ѝ доаѓаа солзи на очите, толку беше возбудена од судбината на тие жени кои сакаше да ги закрепне за повторно да застанат на свои нозе. Зошто да се подигаат нови храмови, палати, терми, нови градови, а да не се подигаат Метанои? Зашто, покајувањето е човечка, но и Божја работа.Тој го сака и одобрува покајувањето. Префрлајќи го своето сопствено покајување врз кутрите жени од предградието и Хиподромот, Теодора доживеа пораз и предизвика несреќа. Но, тоа за неа не беше пораз ниту несреќа, тоа беше недоразбирање. Тоа проговори злата судбина на тие кутри суштества заради кои повторно и навираа солзи на очите. Затворени во Метаноја, под строг режим, изделени од природните амбиенти на градот, жените, една по една, речиси секоја вечер, скокаа од високите прозорци и терасата врз острите карпи од морето. Нивните претсмртни крикови се губеа во бучавата на брановите.

- Ќе успее, превоспитувањето, мора да успее - беше упорна царицата. - Тие не ја сфаќаат мојата благородна идеја, тие се во заблуда, тие ја имаат мојата поддршка.

За таа нова поддршка и беа потребни двајца достоинственици, Минас и Елиас, кои и беа најблиски, со нив да се започне, а потоа сите ќе ја поддржат. Знаеше дека таа прекрасна и благородна замисла ќе ѝ успее. Минас и Елијас се појавија во Метаноја со насмевка знаејќи ја приврзаноста на царицата кон нив, очекувајќи од неа секогаш награда за својата покорност.

- Вие сте деца Божји, негови верници и слуги, рече царицата. Знаете дека Господ го прифаќа покајувањето

и наградува за тоа?

- Да, - рекоа Минас и Елиас, погледнувајќи се еден со друг.
- Дали вие би го прифатиле покајувањето, иако тоа не е ваше, покајувањето на на другите кои молат и на кои тоа им е неопходно? А Господ е голем и ќе го прифати како ваше сопствено покајување. Ќе ви ги прости гревовите и ќе ве награди за тоа?

- Да, - уште позачудено се погледнаа Минас и Елиас.

- Знаев, - живна царицата - ако вие не ми помогнете, тогаш кој? Од мене долго време очекувате да се погрижам за вашата женидба и богато да ве наградам. Јас веќе се одлучив. Вашите идни сопруги ќе бидат Антиноја и Хризомија. Подгответе се за свадба. Утре ќе започнат свеченостите.

На Минас, му се заниша подот под нозете, на Елиас му се стори дека од писокот на брановите што се слушаа од морето му откажа слухот.

- Антиноја - успеа да промрмори Минас. - Таа е од предградието... Таа е танчерка... Таа е...

Елиас исто така успеа нешто да каже иако не ги слушаше сопствените зборови: Хризомија е најпознатата... Таа е...

Теодора не обрнуваше внимание на нивните зборови, сметаше дека сè е готово, завршено. Минас, една ноќ, скокна од терасата на Метаноја во морето. На Елиас и Хризомија им беше приредена раскошна свадба на која присуствуваше целиот двор.
I
Така постапуваше таа „жителка на пеколот“ и „пријателка на демоните“ а и што друго од неа да се очекува, мрмореше во себе Прокопиј сакајќи тоа да го слушне целата

престолнина и целото царство бидејќи беше еден од ретките што ја знаеше вистината. Таа градеше нови градови, некои од старите ги нарекуваше со своето име. Поттикнуваше донесување Новели за идни градби. А што ако започнеше низ целото царство да гради Метанои? Од Теодорополис до Јустинијана Прима? А што ако еден ден го натера него, дворскиот секретар, да напише панегирик за некоја Метаноја, си велеше Прокопиј. Кога бараше некаква логика и ред во нејзините постапки, сè изгледаше нелогично и ирационално. Кога сè изгледаше нелогично и хаотично, таа ќе донесеше некоја мудра и далекусежна одлука.

- А зошто би одело сè така како што ние ќе посакаме? - ќе му речеше повторно Герман ако ги слушнеше неговите размисли.

- Длабоки се и непредвидливи тајните на човековото однесување, на човековото битие - го слушаше неговиот закрепнувачки глас.

- Зар има некаков ред во сменувањето на мирот и војните, во градењето и уривањето, во љубовта и омразата, во моќта и потчинетоста, во искреноста и дволичноста, во воодушевувањето и стравот, во скромноста и алчноста, во лагата и вистината, во верувањето и неверувањето, во гревот и покајувањето, во правдата и казната, во ветувањето и неисполнувањето, во прокобата и спасението, во рајот и пеколот, во убедувањето и разочарувањето, во мракот и сјајот, во животот и смртта?

- Не, не, веќе не верувам во ништо, доста ми е од сè, од сите филозофии и науки, од сите мудрувања - си одговараше самиот на себеси Прокопиј, кој како да му возвраќаше на Герман.

- Знам само едно. Според она што во последно време се наслушнува, според она што веќе се подготвува во

царството, таа еднаш за секогаш ќе падне. Да, тоа ќе биде нејзиниот конечен, дефинитивен крај.

## НАСЛЕДСТВО

Се приближуваше крајот на летото и почетокот на есента. Во Скопје како да немаше никаква временска разлика: сè уште владееја пеколни горештини. Не беше тоа познатото циганско лето, туку она вистинско, скопско пеколно лето. Беше пријатно и понатаму да се седи во Багдад-кафе сè до деновите кога наеднаш ќе заладеи Чаршијата ќе започне да се празни. Откако Јулијана - Ана Шотаровска започна поинтензивно да се занимава со Јустинијана Прима, нејзината убикација, нејзиното постоење, непостоење, исчезнување, работите многу се изменија. Додека порано во јавноста, па дури и меѓу поупатените не се зборуваше многу за Јустинијана Прима, сега таа беше повеќе присутна, во разговорите меѓу стручњаците и во насловите во весниците. Имаше нова управа на градот, поголема раздвиженост и ентузијазам да се направи нешто, па дури и за старите споменици. Јустинијана Прима беше магична тема, исчезната Атлантида која не ги привлекуваше само археолозите, туку и архитектите, лингвистите, историчарите, филозофите. Една група ентузијасти, архитекти постави масивна, дрвена Јустинијанова порта среде Чаршија. Изработија, со многу љубов и многу занимливи детали, макета на исчезнатиот град Јустинијана Прима. Иако во некои нешта сето тоа и создаваше тешкотии, Јулијана главно имаше полза од целата ситуација, ѝ влеваше нова надеж, и ја потврдуваше нејзината интуиција, нејзината опсесија дека исчезнатиот град е тука некаде. Ја оправдуваше нејзината долгогодишна опседнатост, сите истражувања, сите напори и перипетии низ кои помина, за што имаше голема поткрепа кај старите истражувачи и кај колегите.

Разговорите во Багдад - кафе за исчезнатата Атлантида

станувaa поинтересни, повозбудливи. Во нив учествуваа повеќе личности, најупатени, упатени, помалку упатени, па дури и неупатени, но заинтересирани, кои внесуваа многу дух и свежина во дискусијата. Се разбира, сите имаа посебна почит кон Ана и нејзината дисертација, но уште повеќе кон нејзината многу пати потврдена интуиција. И Тодор учествуваше во дискусиите иако малку понастрана, но сè до оној миг додека некој не го испровоцираше и тој не влеташе во разговорот бидејќи веќе прилично ја познаваше материјата. Местото каде што разговараа, Безистенот, беше вистински центар: околу него гравитираа сите поважни институции или објекти: Музеите, Републичкиот завод за заштита на спомениците, Музејот на Старата чаршија, Градскиот завод за заштита, Факултетот за ликовни уметности, објектите кои со својата патина ја чинеа душата на стариот дел на градот, Калето, Капан-ан, Сули-ан, Чифте-амамот, Лапидариумот со Куршумли-ан, Даут-Пашиниот амам, црквата Св. Спас, остатоците од Араста џамија, кафулето на архитектите, обновените месџиди Худа-Верди и Косе-Кади... Многумина од нив или работеа во државните институции, или беа често присутни, заради разни обврски или едноставно од љубов, во тој дел од градот. Разговорите беа пријатни во сенките на Безистенот, и сета атмосфера и патина на објектите ги потсетуваше на некоја античка академија, барем онака како што тие ја замислуваа, со прошетките и бескрајните дијалози.

- Ја нема Јустинијана Прима, па ја нема. Добро, ја нема, па што толку многу сте запнале? - ќе речеше момчето што работеше отспротива, во работилницата за изработка на уметнички предмети и сувенири.

- Знаете ли колку време дискутираме за ова? Многу градови биле, па ги нема, и што сега?

- Не може тоа така „и што сега?“ - ќе речеше кустосот од Музеите кој соработуваше со момчето. - Не станува збор за

некој друг град и простор, туку за нешто што нас нè засега. А и светот е заинтересиран...

- Најчудно е што се останати само пишани документи, тоа Ана најдобро го знае - велеше студентот по филологија кој беше постојан гостин на кафулето. - И тоа, Законите, односно Новелите на правникот Трибонијан, и записите на Прокопиј, главно „За градбите“ и „Тајна историја“. Значи, право и книжевност. Но, она што мене ме мачи е еден многу банален и едноставен проблем: Што нам може да ни значат тие Закони после толку време? Тие се затворени и значеле нешто за тој простор за кој требало да важат и да преставуваат нешто. Колку тие биле кршени, остварени или неостварени, ние не знаеме ништо. Значи, после толку многу време тие за нас се само - книжевност. Како што се книжевност и записите на Прокопиј...

Пред студентот да ја заврши мислата сакаше да се вмеша Тодор. Ана остро го пресече со погледот и малку се поднасмеа, бндејќи знаеше што тој ќе рече: како никогаш не постоела Јустинијана Прима. како никогаш и не била изградена.

Незавршената мисла од студентот по филологија ја презема новинарот на еден неделен магазин кој веќе имаше пишувано на оваа тема:

- Оставете ги Законите. Земете го само Прокопиј. Не постои археолог и научник кој не се крсти во Прокопиј. Во тие неколку странички што тој ги напишал. А тие се преполни со метафори и блескави стилски фигури, тие се едноставно книжевност. Земете уште една таква несоодветност која е можеби најдобарј пример во светот. Подобар од него не постои. Примерот со германскиот трговец Шлиман и неговата голема љубов кон археологијата. Тргнал човекот по светот да ја открива Троја. А како? Читајќи ја Хомеровата „Илијада“. Но, книжевноста лаже, искривува,

си оди по свои патишта. Трагајќи по едно, тој открил нешто сосема друго, подоцна, наместо златната маска на Агамемнон, тој заскитал и открил сосема трети слоеви на времето... Да читаме и конкретно да истражуваме, не е едно исто. Тоа е многу опасно, или барем многу рискантно. Потребна е голема внимателност.

Разговорот уште повеќе живна, се слушаа најразлични гласови, секој сакаше нешто да дополни или да каже. На Ана тоа и беше посебно занимливо и чекаше погоден момент да се вклучи во разговорот. Помирен тон внесе повторно кустосот на Музеите, иако беше со спротивно мислење и критичен:

- Многу наивно, многу наивно. Немојте толку наивно. Знаете ли вие дека Корпусот Јустинијанови Закони ја продолжува славата на Римското право, а дека Прокопиј не се занимавал со книжевност? Тој е историограф, еден од последните од серијата славни антички историографи, и еден од најдобрите во своето време. Ако науката не се базира врз нив, тогаш врз што?

Сега настана уште поголема врева, во која студентот по филологија успеа да го каже своето мислење со кое се сложи и новинарот:

- Зар ние не го знаеме тоа? Ама фактите потврдуваат нешто друго. Еве само еден пример. Постојат податоци дека во Јустинијаново време навистина многу се градело, но дека се граделе помали градови-тврдини. Не мегалополиси, како што тврди Прокопиј.

- Тоа е точно - се вмеша Ана - постојат такви наоди и тврдења, но...

- Ако постојат такви наоди и тврдења - рече сега новинарот.

- Тогаш можно е, велам, можно е Прокопиј нешто да пропуштил... Или да претерал.

- Не, - рече повторно кустосот - ако веќе станувало збор за архиепископија, и ако тој архиепископски трон бил преземен од Скупи... Нели, сепак, биле назначувани архиепископи на Јустинијана Прима?

- Да, но веќе со наредната Новела таа архиепископија била укината или доведена во прашање, без да знаеме зошто. За Архиепископијата не знаеме ништо, таа се чини и не го имала она значење што требала да го има. Ниту, пак, знаеме многу за тие архиепископи кои се наведуваат само по име. И ништо повеќе.

- Да ви кажам јас нешто, - рече апсолвентката на Ликовна академија - ама немојте да ми се смеете.

- И јас имам нешто да кажам, па си молчам - се вмеша Тодор гласно пред Ана да го предупреди. Сите се насмеаа.

- А што ако тој фантомски град воопшто не постоел? - продолжи апсолвентката барајќи поткрепа за секој свој збор.

- Како мислиш не постоел?- прашаа наеднаш неколкумина од присутните.

- Така. Вљубена сум во картографијата. Кога Ана ми раскажуваше за својата преокупација, ја замолив да ми покаже неоколку мапи од тоа време за да не барам од постарите колеги кои го истражувале тој проблем. Забележав на тие мапи дека постои Панонија Прва и Панонија Втора. Прва Македонија и Втора Македонија. Како области, како провинции. Нешто слично како Јустинијана Прима, односно Прва и Јустинијана Втора. Што ако Јустинијана Прима значела некоја таква област,

провинција или слично, а не град?

- Точно, - рече младиот археолог што неодамна се вработи во Градскиот завод за заштита на спомениците. - Такви простори, такви провинции на тие карти се маркирани, но тие немаат врска со Јустинијана Прима. Тоа е нешто сосема друго. Постои и Јустинијана Втора или Секунда, а се се знае дека таа е некогашната Улпијана или денешен Липљан. Со Јустинијана Прима се поврзува дури и Охрид. Званично, во повеќе средновековни написи тој се одредува како црковен наследник на Јустинијана Прима, на нејзината архиепископија. Знаете ли вие како се потпишале Охриѓаните 1860 година кога од Цариградската патријаршија барале да се обнови автокефалноста на Охридската архиепископија? Верувале или не, се потпишале како „Првенци на Прва Јустинијана или Охрид“...

- Иако сум лаик, но сепак тоа не е логично - рече апсолвентката. - Нели пред малку тврдевте дека таа архиепискпоија не била толку моќна? Како можел тогаш Охрид да ја наследува дури по толку векови? Тоа можеби зборува токму за спротивното: дека и Охрид евентуално припаѓал под таа област, под таа провинција Јустинијана, а не дека Охрид е токму тој, исчезнатиот град?

- Сепак, повеќе ти лежи ликовниот аспект кога ги разгледуваш мапите. Зошто нешто не нацрташ? - ѝ дофрли шеговито на апсолвентката момчето од работилницата за изработка на уметнички предмети и сувенири, сметајќи ги и тој за многу чудни и сѐ уште доволно неразјаснети врските на Охрид со името на Јустинијана Прима.

- Замислете сега што сѐ сум требала да истражам, и што се ми минало преку глава, иако ме чека уште работа - рече Ана. - Кај мене се класифицирани сите валидни истражувања, светски и домашни извори, светски и

домашни авторитети. Згора на тоа, и тие истражувања што беа главно во непосредна близина морав исклучително внимателно да ги следам. Во околинава на градот има бројни локалитети од Јустинијаново време. Така, познавајќи ја добро целата материја една мисла ми стана опсесивна: градот е тука некаде, покрај нас, но ние не го гледаме. Локацијата на тој град на Скопската тврдина и Поткалето не е моја, но индициите постојано водат таму. Интуицијата, сонувањето, упорноста се дел од оваа работа. Сонував дека еден ден ќеја откријам Јустинијана Прима. Малку наивно, но за оваа работа многу корисно. А всушност и не е така наивно. Тоа е сон на многу наши истражувачи. На еден од нив можеби ќе му се насмевне среќата. Сите досегашни истражувања, наши и светски, водат кон тоа. Од огромно истражениот материјал потребно е едно мало делче, една игла, една можеби невидлива нишка која ќе ја допре и открие тајната. Целиот досегашен арехеолошки, но и запишан и книжевен материјал треба да подлежат на ново, детално преиспитување. Нема ништо без негово опстојно анализирање. Во тоа беше и останува мојата опсесија, мојата игла која ќе чепне во срцето на тајната. Јас токму на тоа постојано се надевав, а се надевам и денес. Тоа преиспитување и ме наведуваше на впечатокот дека тој град е тука некаде, на дофат од раката, дека го допирам, а сепак ми се измолкнува. Не ме напушташе чувството дека чекорам по него, а тој сепак го нема, постојано ми бега.

- Тоа ми личи на онаа народната - рече повторно момчето од работилницата за да внесе уште повеќе дух и живост во разговорот. - На онаа народната и генијална изрека: „Магаре јавај, магаре барај“.

- Можеби тоа звучи смешно, но таа изрека најмногу одговара на природата на оваа наша потрага по исчезнатиот град - рече Ана. - И сега доаѓаме до клучното прашање, покрај другото и на овој наш разговор: дали градот исчезнал или всушност од секогаш бил тука, само не сме успеале или

не сме умееле да го видиме? Или и едното и другото? А можеби една материјално сиромашна средина како нашата толку и можела?
- Е, токму тука ве чекав - рече дипломираниот историчар без работа, исто така постојан гостин во кафулето, кој се вмеша во разговорот. Ги извади од под себе дневните весници, ги стави на маса и започна пред сите да ги прелистува. Тие беа преполни со наслови за Јустинијана Прима и ископувањата кај Воденета кула, под Калето.

- Знам, тоа е добар репер - рече Ана, и додека се сврте кон него, дипломираниот историчар им се обрати на сите, држејќи еден весник в рака. - Знаете ли колку средства се изделени за ова скорешно истражување? Сто илјади...

- Што сто илјади? Сто илјади марки? - праша новинарот.

- Сто илјади денари. Тоа се три илјади марки. Со три илјади марки не можете со семејството да одите на одмор во Грција, не можете да си го обновите мебелот, не можете да го изѕидате и доградите сопствениот балкон во станот... Смешно. А ние сакаме да одиме во поход, во откривање на исчезнати градови. Замислете една ваква ситуација која во археологијата и во историјата е многу можна. Ако градот што го бараме. сепак, не е во првиот слој, туку во вториот или третиот, или не дај Боже во петтиот слој, колку ќе ни треба пари, односно векови да го откриеме?

- Не е сè така црно, не е сè така црно, - како да го успокојуваше Ана - има надеж, сигурно. Но, додека нема цврсти докази, сè е само претпоставка. А се знае каде треба да биде наредното круцијално чепнување на тајната: во темелите на турските градби во Скопје. За тоа се залагал и русинот Јастребов кога пред многу годиии го посетил градов. Турските зданија најверојатно лежат врз стари византиски објекти.

- Каква авантура, каков трилер, каква неизвесност - се вмеша повторно момчето од работилницата. - Потребен ни е еден Индијана Џонс да ни ги открива возбудливите археолошки тајни на нашиот град. Зошто овде не снимаат Спилберг и Харисон Форд? Би имало добар филм. Ви гарантирам.

Започнаа повторно во разговорот да се мешаат повеќе гласови, од замореност Ана како веќе и да не ги слушаше. Нејзината блага вртоглавица ја забележа Тодор и најде веднаш излез од ситуацијата. Рече дека мора да заминат, оправдувајќи се дека има состанок. Навистина имаше состанок кој требаше да му започне дури по еден час. Тој стана прв, а потоа и Ана по него. Откако се поздравија и го напуштија Безистенот, зад нив сè уште се слушаа бучните гласови од дискусијата во Багдад-кафе.

- Добро ми е, нема потреба да седнуваме - рече Ана - откако Тодор и предложи малку сами, без врева да седнат кај фонтаната.

- Да испиеме уште по едно капучино, имаме време - рече тој порачувајќи веднаш. Ана со едната рака се држеше за челото, гледаше угоре кон врвот од чинарот, вдишувајќи длабоко воздух.

- Гледаш ли - му рече со малку позакрепнат глас.

- Што значи да имаш богато наследство? Со такво богатство ретко кој град во светот може да се пофали. Треба само да го чуваме.

Потоа се сврте накај него, го фати за рака и го погледна право во очите.

- А што правиме со твоето богатство, со борбата за твоето наследство, бизнисмену?

Тодор се изненади бидејќи одамна го немаше прашано за тоа, му беше драго, зошто од решавањето на тој проблем зависеше како ќе се одвиваат многу нешта во нивните животи.

- Мислиш на нашето заедничко богатство? Што се случува веројатно следиш во медиумите. За некои работи и порано сме разговарале.

- Знам, следев, Уставниот суд поништи некои одредби од Законот за денационализација, по иницијатива на вашето Здружение за заштита на интересите на сопствениците на одземените имоти. Тоа одекна во јавноста. И што сега?

- И што сега? - зборуваше сѐ позаинтересирано Тодор. - Сега е на потег владата односно државата. Сум имал среќа да бидам наследник на толкав одземен имот. Но, ако конкретно нешто не се направи, сите ќе останеме со кратки ракави. Нешто ќе биде враќано во пари, нешто во обврзници, во рок од триесет години. Не умри магаре на зелена трева.

- Не ми го спомнувај пак магарето, - се насмеа Ана - пред малку беше „магаре јавај магаре барај“ а сега „не умри магаре на зелена трева“.

- Токму така, - не запираше Тодор - но има и многу смешни ситуации. Сите сме дадени во потрага по тапиите. Кој можел сите тие хартии педантно да ги чува цели педесет години? Има тапии од Турско, тапии од Кралството Југославија и тапии од социјализмот. Да не зборуваме за неколку пати препродаден имоти тапиите кои така се издавани. Ми кажуваат дека има и вакви смешни ситуации: доаѓаат тројца браќа со тапии и го бараат целиот имот, секој за себе. Стручњаците пресметале дека овие и слични

побарувања за наследство ќе бидат поголеми - од цела Македонија.

Ваквиот коментар Ана толку многу ја засмеа што не можеше да сопре од што беше расположена.

- Да, има и претерувања и невозможни ситуации, - продолжуваше Тодор - но правдата мора да се оствари, правото на сопственост не само што е Уставно, туку тоа е и цивилизациско право на секој човек.

Додека Тодор ги изговараше последните зборови, Ана полека престануваше со смеењето бришејќи ги насолзените очи. Потоа, сѐ како да се смири, настана молк меѓу нив двајцата. Извесно време молчеа. Ана ја прекина тишината фаќајќи го повторно за рака.

- Знаеш, Тодор - рече таа со онаа нејзина препознатлива занесеност во гласот - ова твое трагање по наследството и мојата потрага по исчезнатите градови, некако ми наликуваат. Ете, животот така направи, двајцата да трагаме по нешто загубено. Што мислиш, ќе најдеме ли?

Тој сега сакаше да ѝ го каже она за што долго време се подготвуваше, но не се осмелуваше. Не зборуваше живо и понесено како предмалку, но очигледно беше возбуден, и тоа не можеше да го прикрие.

- Многу збрки и нејаснотии настанаа со враќањето на имотите, со тапиите, некои многу јасни нешта наеднаш се заплеткаа, се измешаа судбините, некаде и се умножија загатките. И тоа, за последните педесет години. Кој ќе го размрси тој котелец од патишта и непознаници? И сега, како човек за тоа да не размислува и вака: ние не можеме да го размрсиме тој јазол за последниве педесет години, а ти трагаш и сакаш да откриеш нешто што се случило - пред илјада и петстотини години! Замисли:

пред илјада и петстотини години.Спореди ги сега тие илјада и петстотини години – со нашите педесет!

- Тоа е така, - рече Ана која навистина ја изненади и ѝ се допадна оваа споредба - но, не може поинаку во науката.

- Остави ја науката, не станува збор само за наука. Станува збор за тебе. Во последно време уште повеќе си отсутна. Сакам да го живееш животот, Ана, овој вистинскиот, сегашниов, не да поминуваш покрај него. Имам некоја филозофија дека она сега е пресудно за човекот, и тоа не може да го замени ништо, па ниту... Секоја опсесија е опасна. Ти постојано како да си во некоја војна, во некој поход, обземена со себеси...

Тодор ѝ ја зема и другата рака, ѝ ја стегна цврсто. Ана повторно беше загледана во врвот на чинарот, за по мала пауза смирено да му одговори.

- Знаеш, Тодор - но ова „знаеш Тодор“ не беше исто со она од предмалку, имаше поинаков посериозен призвук.

- Секој сам си ја дозира својата опсесија. Никој никому не може да му дозира такво нешто. Зашто без неа - сè би било бесмислено. Звучи можеби чудно, но секој треба да си ја чува и негува сопствената опсесија. Те молам. Можеби не сакајќи, самиот штотуку рече дека имаш филозофија. Ако некој ти ја одземе, што тогаш, што ти останува, на што ќе стоиш?

Иако сакаше докрај да ги расчистат конфронтираните мислења, оваа последната реченица внесе ведар тон меѓу нив, и Тодор не можеше а да не се насмее, одложувајќи го разговорот за другпат.

- И да не зборуваме за филозофија - рече Ана чувствувајќи се малку олеснета после завршните

реченици од овој разговор. - Станувај, и да одиме во галеријата „Стоби“. Мислам дека таму ќе биде вашиот состанок на Здружението на сопствениците на одземените имоти, нели? Го погодив ли целиот наслов?

- Да, овој пат состанокот ќе се одржи во „Стоби“. Имаме уште малку време да се префрлиме преку Вардар - рече Тодор плаќајќи му на келнерот.

Чаршијата беше најубава во пладневната гужва. Многу луѓе, врева, многу бои и мириси. Иако брзаа, Ана не можеше да одолее а да не му покаже на Тодор еден стар дуќан што се наоѓаше на улицата што водеше угоре кон црквата.

- Стариот мајстор ми раскажуваше дека до неговиот дуќан долго време постоел познатиот ан „Доротеја“, а потоа останал само ѕидот со големи, железни алки за кои бил врзуван добитокот додека и тој ѕид не исчезнал - зборуваше Ана, движејќи се низ врвулицата од луѓе.

- Веднаш над него, и денес постои Фенерли-ан. Таму се собирал сомнителен свет, пред сè лесни жени и проституција.

- Така, - рече Тодор иронично не запирајќи во одот - и тие се културно наследство на нашиот град, зар не?

- Има еден необичен податок - продолжи Ана. -Некогаш, проституцијата од Чаршијата и од Циган маало преку Вардар, била собирана на едно место и носена - на превоспитување. Во расчистување на згради, урнатини и слично.

- Прв пат слушам за нешто такво - се изненади Тодор - некој некогаш да се грижел и да превоспитувал проституција?!

Кога стигнаа пред „Стоби“ во Трговскиот, состанокот беше веќе започнат. Тодор, влегувајќи внатре, ја замоли да го причека на терасата или во меѓувреме, да прошета. Ана, со својата актовка, седна на првата маса од терасата, и порача тоник. Ја отвори чантата и ги распосла најновите белешки и цртежи од своите истражувања, чувствувајќи секогаш сигурност и задоволство при допирот со материјата која и беше толку блиска и драга. Читајќи и скицирајќи, погледот повремено и заскитуваше угоре, на катот од Трговскиот, а потоа и во приземјето, каде што се наоѓаше прекрасното шаренило од бутици и продавници.

- Можеби има право Тодор - и проблесна наеднаш мислата.
- Наместо да седам овде, можев да заскитам низ Трговскиот, да ги пробам сите здолништа, да ги превртам сите бутици од „Мави-џинс“ до „Роџер“ од „Гас“ до „Бенетон“ и „Револушн“? Да ги поминам сите антикварници, златари и парфимерии? Дали навистина неповратно го пропуштам она што е „сега“ она што само еднаш и засекогаш се доживува, зашто животот е можеби само тој миг, тоа „сега“ и ништо повеќе? Тој еден единствен миг може да не возвиши и може да нè урне, можеби затоа е толку скапоцен и неоповторлив? Дали на тој единствен и неповторлив миг мислеше Тодор? На мигот што е тука, покрај нас, и никаде на друго место?

Не беше сигурна, Погледна повторно во своите хартии и скици. Ѝ се јави некое чудно чувство дека нешто упорно и постојано, постојано само се повторува.

# БУНТ

Конечно, таа ќе биде поразена, таа мора да биде поразена според она што се подготвуваше во престолнината. Прокопиј доби првични информации од градскиот префект на полицијата, Еудемон дека нетрпеливоста меѓу странките на Сините и Зелените, меѓу Прасините и Венетите сè повеќе расте. Заради нередите, Еудемон неколку лица осуди на

смрт. Војсководците, пред сѐ големиот Велизар, потоа Нарзес и Мундо беа повикани постојано да бидат присутни во престолнината.

Теодора, имаше други грижи во тој миг со кои беше преокупирана, дури и не наслутувајќи што сѐ може да се случи во наредните недели. Во престолнината во тие денови престојуваше светецот Сабо, деведесет годишен старец кој беше дојден во хумана мисија: да го замоли царот да се завземе за христијаните во Палестина. Знаејќи ја неговата чудотворна моќ, а во договор со царот, таа го прими кај себе, со голема надеж: светецот да ја благослови, а со помошта на тој благослов Господ да ѝ подари пород и потомство. Кога светиот Сабо влезе кај неа, Теодора го поздрави со зборовите:

- Пратенику на Бога, послушај ги понизните зборови на една жена и благослови ја. Помолете му се на Бога, помолете му се за мене, да ми даде Бог пород...

Светецот долго време молчеше, а потоа само изусти:

- Господ нека ја сочува Вашата власт во слава и победа.

Не можејќи да се изначудат на овие зборови на светецот, кога излезе од приемот го запрашаа: Зошто не сакаше да помогне, зошто ја разжалости царицата? Светецот само мирно одговори:

- Од утробата нејзина никогаш да не се роди плод кој ќе ги прифати Северовите догми и ќе го наруши црковниот мир.

Прокопиј беше сведок и можеше да потврди дека Св. Сабо навистина ги изговори овие зборови. Кога ѝ го пренесоа овој коментар од светецот, Теодора беше бесна. Го

нарекуваше старчиште, и не беше толку загрижена што тој не ја благослови, туку немоќта правилно да ги протолкува и сфати неговите зборови изречени пред неа. Зошто Господ да ѝ ја сочува власта? Што ли коби тој старец? И зошто во слава и победа? Каква победа и за што таа треба таа да се бори? Загрижувачки беа тие чудни и пророшки зборови на светецот.

Не требаше да помине многу време за Теодора да ја сфати сериозноста на ситуација во која се наоѓаше не само таа, туку и царството. Немирите што ги предизвикуваа странките на Сините и Зелените внесуваа сè повеќе омраза и несигурност во престолнината. На Хиподромот, со жолчни извикувања се бараше смена на министрите Јован Кападокијски и Трибонијан. Давачките за освојувањата беа огромни, животот неподнослив. Се извикуваа прградни зборови и против царицата Теодора, и никој не беше поштеден. Прокопиј ликуваше. Царот Јустинијан ги смени министрите, а летописецот се надеваше дека наскоро ниту царицата нема да биде поштедена. Да се изгази таа змија, да здивне царството, посакуваше Прокопиј. Во таа своја страст, тој не согледуваше дека не само царицата, туку буквално се беше доведено под прашање, и престолот и царот, кого тој бескрајно го обожаваше. Сепак, знаеше дека царот е најумниот и најголемиот, од Бога испратен освојувач на светот и обединител на царството, и дека тој, и само тој е способен да најде излез од тешката ситуација и да победи. Знаеше дека секоја ситуација, па и оваа, ќе ја реши мудро и во своја корист.

Сепак, бунтот добиваше сè пошироки и непредвидливи размери. Престолнината постојано беше во пламен, Сините и Зелените се обединија во своите барања и својата непопустливост, во грабежите, убиствата, подметнувањата. Критичната ситуација одеше кон кулминација кога започна да откажува и царската гарда и некои чети од војската. Врвот беше достигнат кога бунтовниците на

Константиновиот плоштад го доведоа Ипатиј, наследник од лозата на царот Анастасиј, неговиот внук, да го прогласат за нов цар на Ромеите. Ситуацијата станувaше безизлезна, кругот околу Јустинијановата палата сè повеќе се стегаше. Толпата постојано беше околу Августенот жестоко и гласно извикувајќи погрдни пароли. Обрачот беше толку силен што не постоеше ниту една пукнатинка, ниту еден процеп. Размислата водеше само кон едно: Бегство? Да се подготват бродовите, да се ослободат пристапите кон морето!

Јустинијан закажа итен состанок на Советот. Можеби последен? Можеби пресуден? Присуствуваа сите достоинственици, министри, кубикулари, префекти, сенатори, секретари, војсководци. Царот и царицата седеа на своите престоли. Владееше тивка, напната атмосфера на непријатно исчекување. Однадвор се слушаа гласни и морничави извици на негодување. Главната приемна сала во Августеонот, пространа и светла, сега изгледаше мала и претесна, затемнета. Лицата на достоинствениците бледи и подисплашени, како да се наоѓаа пред искачување на Распетието. Прокопиј, кој стоеше во близината на царот, очекуваше тој храбро да пресече, иако целата ситуација водеше кон спротивното. Теодора, зад своето мирно и убаво лице криеше бес и негодување што сè уште не ги покажуваше. Од извиците што доаѓаа однадвор, од толпата, го слушна и своето име. Сето ова толку брзо се случи, мислеше таа. Зар ова е крај? Зар е можно дека ова е крај? После сè, зар да се врати назад, на почетокот? На кој почеток? Зар после сè може да постои нов почеток? Во овој критичен миг ѝ се враќаше и повторно го гледаше сиот свој живот station назад. Да им се врати повторно на циркусот и на танчерството, да се врати во емболот, куќата на бездомниците, во која што живееше пред да се запознае со Јустинијан? Да се врати таму, таа, која ѕидаше градови и ги нарекуваше со своето име, која и самата го наведуваше царот да подига градови кои самиот ќе го прославаат низ вековите, таа, пред која сите паѓаа ничкум и ѝ ги бакнуваа

нозете, таа, моќ на царството и понизна следбеничка Христова, кој е Бог, еден единствен, чист и неизвалкан со човековото тело? Таа, која бараше Спасение и Покајување, за себеси и другите, таа, која правеше натчовечки жртви за своето сопствено, но и за возвишувањето и просветлувањето на сите?

Се гледаше повторно себеси како дете, во циркусот, по смртта на татко ѝ Акацие, чувар на животните, со своите две сестрички, Комито и Анастасија. Сиромаштијата беше толку голема што заедно со мајка им мораа да одат на Хиподромот, пред толпата на Зелените и Сините, и да молат. Д а молат за работа, за било каква работа, за мајката или за очувот, да молат за милост, за малку милост, за да можат да преживеат. Мајката, на трите девојчиња им ставаше венчиња од цветови на главата. Ги плетеше, им ги местеше и подместуваше венчињата во косите, и потоа заедно со нив понизно излегуваше пред толпата на Хиподромот. Венчињата беа знак на невиност со која се надеваа ќе постигнат поголемо сожалување кога ќе ги испружеа рачињата за да молат. Толпата најчесто им се смееше. Зелените кажуваа шеги на нивна сметка, не покажувајќи никакво чувство, разбирање или милост. Од тогаш ја замрази таа толпа и вети дека ќе ѝ се одмазди. Дали сега повторно ќе мора да ѝ се врати, поразена и понижена? Не, тоа нема да го дозволи. Како да се поврати од некој длабок сон, таа повторно ги слушна гласовите со заканувањата и навредите што доаѓаа однадвор, од разбеснетата толпа.

Оддалеку, и се чинеше дека многу оддалеку, допираат до неа гласовите и од приемната сала во Августеонот каде што се наоѓаа, иако тие беа блиску и го распознаваше говорот на секој од присутните. Според атмосферата и според она што успеа да го слушне, не можеше да им верува на сопствените уши: сè водеше кон итно напуштање на престолнината! Бегство. Меѓу многуте гласови и луѓе, успеа да го види

стаписаното, безживотно лице на Прокопиј кој не можеше да поверува дека Цезарот го прифаќа и е подготвен за еден таков последен чин! Крај. Теодора знаеше дека е дојден тој миг, тој пресуден миг кој се јавува еднаш во животот, еднаш во многуте животи, еднаш во неколку столетија, кога се раѓаат или се уриваат царствата! Не смееше да го пропушти, зашто таков друг таа немаше никогаш повеќе да дочека. Беше нервозна, уште повеќе навредена и сакаше да им довикне на луѓето кои беа најблиску до неа: селанчишта Илирски, прости, исплашени Дарданци, ме разочаравте! Стана од престолот, во последен миг, и сите очи се свртеа кон неа. Сега не беше само царица, беше тигрица, на која никој не смееше да ѝ пријде, да ја допре, да ѝ застане на патот. Најпрвин, зборуваше полека и смирено, настојувајќи да ја прикрие возбудата. Како течеше нејзиниот говор понатаму, така го покачуваше гласот, а возбудата и понесеноста постепено преоѓаа врз присутните. Кога започна да зборува владееше тишина, тишина исконска, како од почетокот, од создавањето на на светот.

- Во овој критичен час, - рече таа - не важи приговорот дека на жената не ѝ доликува да ги советува мажите. Но, ако таа жена ги охрабрува кукавиците, треба да се види го чини ли тоа со право или не.

Сите втренчено гледаа во неа, а таа со поглед низ целата сала испитуваше каков впечаток остави врз нив она гласно изговореното „кукавиците“.

- Се наоѓаме во најголема опасност - продолжи таа. - Треба да се договориме како најдобро да ја одбегнеме злата судбина. Мораме заради нас самите најодлучно да се откажеме од бегството, па макар тоа ни донело и спас.

Во салата полека започна да се слуша врева и знаци на одобрување. На исплашените и колебливите, онака застаната, исправена и одлучна, им им делуваше како

божица која самото провидение им ја испратило.

- Секој човек мора еднаш да умре. Но, оној кој еднаш бил на власт, не може да поднесе да живее во прогонство, без своето некогашно достоинство.

Раздвиженоста и одобрувањата беа сѐ поголеми. Извиците во салата полека започнаа да ги потиснуваат, да се мешаат, да ги изолираат оние посилните извици што доаѓаа однадвор. Понесена од одобрувањето, таа уште повеќе ги одмеруваше зборовите, а гласот ѝ беше уште повпечатлив:

- Јас нема да дозволам да дојде денот кога народот не ќе ме поздравува како царица. Нека не даде Бог некогаш да ме видат лишена од царскиот сјај и престолот.

По овие зборови, наеднаш, громогласен изблик на одушевеност. Овие вистини таа ги изговараше толку сигурно и едноставно, толку нејзините зборови влеваа надеж, што на присутните им се стори како во замрачената приемна сала на Августенот повторно да започна да пробива светлина, низ прозорците, низ куполите, низ цврсто затворените масивни врати. Таа светлина ги обливаше нивните лица кои си ја добиваа природната боја, потиснувајќи го бледилото. Сега таа се сврте кон царот. Сите беа во исчекување, настана тишина, но само за миг, пред новата експлозија.

- А ти Цезаре - му се обрати таа со потивок глас, но не помалку одлучно. - Ако сакаш да побегнеш, добро. Имаш пари, бродовите се подготвени. Морето е отворено. Но, внимавај, ако побегнеш одовде, наместо слатко бегство и спас, да не дочекаш смрт. Што се однесува до мене, јас останувам. Ја сакам онаа стара изрека: царската облека, дури и на мртовец, прекрасно му стои!

По овие зборови сите станаа на нозе. Одушевувањето и

одобрувањето не престануваше. Свечената сала во Августеонот повторно блесна со својот поранешен сјај. Овие, внатрешниве, полека но сигурно ги потиснаа, ги загушија извиците што се слушаа однадвор. И царот, во знак на одобрување, и самиот изненаден од пресвртот, стана од престолот. Прокопиј се уште не им веруваше на сопствените очи: наместо пораз, тоа беше нејзина победа. Не, не беше победа. Тоа беше триумф. Триумф за кој можеби ќе раскажуваат генерациите. Но, немаше време за воодушевување. Под влијание на царицата, а по наредба на царот, мораше итно да се распоредат четите што останаа лојални. Нарзес беше упатен директно во штабот на Сините, а Велизар и Мундо испратени на главното поприште од каде што се започна, и каде сега требаше да се случи главната пресметка, на Хиподромот. Таму навистина и се случи пресметката. Прокопиј, во своите белешки подоцна запиша: со секавична брзина, на Хиподромот беа погубени над триесет илјади бунтовници. Многумина од нив беа затворени, а на сенаторите и великодостојниците, нивни симпатизери, им беше одземен имотот. Ипатиј, несудениот цар, го фрлија во морето. Откако морето го исфрли неговиот труп, го погребаа на гробиштата за злосторници.

Наскоро, на Хиподромот, во сиот свој сјај повторно се појавија царицата Теодора и царот Јустинијан. Народот ги поздравуваше со воодушевување. Царот повторно беше заедно со својата, како што самиот ја нарекуваше „пречесна сопруга која Бог му ја дарил“ својата „најмила убавина“. Царицата беше во полн сјај, со облека која ја носеше само во свечени и исклучителни прилики кога требаше да се покаже моќта и царскиот блесок: златна туника, раскошна пурпурна наметка, висока капа во облик на кула, долг, бел превез. Таа седеше на престолот, додека царот станат, му отпоздравуваше на народот кој го величеше. Тоа беше тој, Василевсот, најголемиот син на Ромеите, храбриот освојувач, обединител и чувар на царството. Во таа славеничка атмосфера, во заглушувачките извици, во

изблик на радост и славје, Прокопиј упорно беше загледан во царицата која навидум скромно и смерно ја набљудуваше прославата. Тој многу добро знаеше кому му припаѓаат славата и овациите. Свртувајќи го замаглениот поглед од царицата и царот кон воодушевената толпа што славеше, две крупни солзи се стркалаа низ лицето на летописецот.

Тоа беа сѐ, само не солзи радосници.

# КЛУЧ

Најубавиот дел од есента во Скопје е меѓу нејзиниот почеток и нејзиниот крај, пред доаѓањето на зимата. Таа временска средина значи дека жешкото лето е веќе на издивнување, а сѐ уште не е толку застудено и може со уживање да се седи на терасите и по бавчите од кафеаните и кафулињата. Градот, особено Плоштадот, тогаш започнува да го менува својот изглед: крошните и лисјата од костените добиваат најпрвин зелено-жолта, потоа потемно жолта со необични црвени нијанси, за на крајот, пред паѓањето и пред зимата, да добијат темно кафеава боја. Понекогаш, во ова време, дрворедите од костените што го окружуваа Плоштадот, ги имаа сите овие бои, и пружаа прекрасна глетка: раскошна, разнобојна и смирувачка. Во ова време, Ана сакаше да седи во бавчата на „Дал Мет Фу“ на една од масите близу до оградата, за да биде поблизу до тротоарот и до костените. Тука, под крошните од костените, наспроти Ристиќевата палата, врз старата коцка, што беше дел од минатото на градот, започнуваа, срамежливо и навидум ненадејно да паѓаат првите свенати листови. Лисјата нежно се откинуваа, а потоа како лесни пердуви од крило на птица, долго се лулееја во воздухот, меко спуштајќи се врз коцката. Костените од дрвјата, излегувајќи од распуканите, боцкави кожурци, паѓаа на улицата и врз сронетите листови што го пригушуваа нивниот удар. Иако ударот врз коцката беше тап, сепак беше доволно силен за да го слушнат минувачите, гостите од кафетеријата или продавачите на

весници кои пикнати во киосците повремено ѕиркаа низ малите прозорчиња. Есента донесуваше еден влажно сладникав, но и остар и продорен мирис на навлажнето и исушено лисје, мирис кој се шинреше од Плоштадот и понатаму кон улиците со дрвореди низ градот.

Масата на која што седеше Ана откриваше најубава глетка врз Плоштадот и костените, врз објектите во центарот на градот. Во таа пријатност и есенскиот мир во кој тонеше, не можеше да не се запраша: каде исчезнаа толку објекти, зар тоа не е некоја прокоба на овој град, постојано нешто да исчезнува, да се урива, да се опожарува, да го снемува, еднаш за секогаш од овие простори? Животот правел апсурди, низ историјата, но и денес. Костените останаа, зданијата околу нив исчезнаа. И не само околу нив. Исчезна Офицерскиот дом, исчезна Театарот, Народната банка, црквата Св. Константин и Елена, палатата Мацура, Кранговата палата, киното Младина, киното Куклен театар, хотелот Македонија, Балетското училиште, Католичката црква, исчезнаа Филозофскиот факултет и библиотеката покрај Вардар, исчезна монументалната зграда на Правниот факултет, исчезнаа училиштата... А пред тоа, и уште пред тоа? Во тој миг за прв пат на Ана и се јави една мисла која порано не ја поврзуваше со современоста: а што ако исчезнувањето на Јустинијана Прима е исто така дел од таа прокоба на овој град? Можеби. А можеби тоа е само последица од едно долго, долго траење низ времето и вековите? Едно исчезнување било покривано со друго, и тешко е да се откријаттрагите. Кога Пиколомини го запалил Скопје во 1689 година, со воодушевување зборувал за прекрасните објекти, кои, според него, морале да бидат изгорени, предадени на заборавот. Тоа биле толку убави зданија, што тој негов опис и тоа негово одушевување многу потсетува на воодушевувањето и описите на Прокопиј на прекрасните зданија на Јустинијана Прима. Дали некои од тие зданија што ги видел и опишал Пиколомини можеби му припаѓале или останале од

Јустинијановиот град? Можеби. Тогашните истражувања сигурно би биле полесни и посигурни. Но, и тука прокобата, прокобата на исчезнувањето повторно ги замешала своите прсти. Како тогаш да се дојде до вистинските темели? Под некогашниот Офицерски дом постоела џамија, под џамијата црква, под црквата... Под мостовите има уште постари мостови, под ановите уште постари анови, под столбовите уште постари столбови. Во Чаршијата, под сегашното ниво, има многу испреплетени мрежи од канали и водоводи, во длабочините, улици и изгорени дуќани, под дуќаните нови улици. Под темелите - темели, над темелите - нови темели. Кои се тогаш вистинските? Кои се бараните?

После толкуте многу истражувања и размислувања, Ана повторно започна да ги сонува мртвите градови. Ги гледаше нивните огромни тела, под земјата. Како тела од живи суштества кои по смртта се погребани. А како да не сонува, кога тешко можеше и да се замисли колкав е бројот на тие мртви градови, кои кријат толку многу тајни, дури и за оние; живите? Кога ќе ги разгледуваше ископините, остатоци од некогашните зданија и градови, ја обземаше чудна возбуда. Во полуразурнатите ѕидови, во пресечените улици кои никаде не водат, поплочени со големи камени квадери, под полукружните сводови од бањите ѕидани со црвена опека и малтер, во амфитеатрите од кои одамна исчезнале гледачите и аплаузите, во базиликите од чии сронети ѕидови се уште блескаат делчиња од фрески, врз раскошните подни мозаици, ги гледаше луѓето, со нивните обични, секојдневни навики. Луѓето кои одат в црква да се молат, одат во бањите да се капат, да се состануваат на плоштадите, да војуваат, да љубат страсно и да се мразат, да се надеваат, како што е човечко надевањето, дека еден ден ќе го остварат својот сон, својата желба, својот копнеж? Клекната до некои остатоци од милениумски камења обраснати во трева, таа како да го ослушнуваше чукањето на срцето на мртвите градови, кои понекогаш ѝ се чинеа толку блиски и препознатливи, а некогаш толку далечни и

недофатни? А што ако еден ден, си мислеше, тие градови навистина започнат да дишат, ако се раздвижат, луѓето навистина повторно да зачекорат по нив, улиците да бидат полни со врева, со живот? И да настанат два паралелни светови: нашиот, и оној долу, на оживеаните мртви градови кои историјата ги запишала, а животот неправедно ги отпишал и затурил во слепите сокаци на времето и историјата? Што тогаш? Зар не би им завидувале?

Ана беше толку занесена, што во еден миг исплашено се тргна од столицата на којашто седеше, присторувајќи и се дека еден голем костен од крошната, падна и тропна врз нејзината маса. Соземајќи се, успеа да ја види само раката на Тодор како намерно удира по масата за да ја исплаши.

- Знаев, - рече тој - пак си замислена, пак си занесена. Да погодувам на што мислеше? Знам. Подобро и да не се обидувам. Претеруваш, пак претеруваш.

- Не, - рече Ана изненадена - уживав во глеткава на костениве. Види како се прекрасни. Најубави се во ова време од годината. А ти, нели требаше да дојдеш подоцна?

- Кога ти оди добро бизнисот постојано си зафатен. Просторот што го отвораме во Трговски веќе е подготвен. Ке биде навистина ексклузивен, можеби еден од најексклузивните во градот: антикварница, накит, галерија. Но, не е само тоа. И Здружението ми задава главоболки и проблеми.

Тодор неколку пати и навестуваше, нежно и суптилно, како што умееше тој, дека некои работи во нивните животи мора да се изменат, да тргнат по нов тек, или барем да се преиспитаат, да се рекапитулираат. А тоа може да биде добар капитал, како што велеше тој, да се тргне од мртвата точка. Ана знаеше исто така, дека нешто треба да се измени, но не беше сигурна како и што. Се плашеше помалку и од

себеси, бидејќи знаеше, исто така да биде непопустлива, тврдоглава, инаетлива. Сепак, не смееше да дозволи, како што тоа животот обично умее да го изрежира, и овој разговор да биде навидум пријатен, секојдневен и конвенционален, а потоа да биде еден од оние што се пресудни и пресвртни во животот, според последиците. Тодор и рече дека претерува, а таа излажа дека не претерува, дека повторно не е со својата опсесија. И таа сакаше нешто да се измени, но дали ќе биде способна да измени едно мало, дури најмало делче од својот живот? Дали тоа би имало некаква смисла за неа, и дали тоа ќе биде природно и нормално, како што велеше Тодор? Постоеше нешто што не можеше никому да му дозволи, никому освен себеси, а тоа е: самата да одлучи за сè.

- Жал ми е што го затворија Багдад-кафе - рече Тодор. - Беше убаво и некако се навикнавме на тоа место. А оттаму и сè започна. Разговорите за Јустинијана Прима, подготовките за дисертацијата. По толку време, сега таа е завршена. Да знаев дека ќе поминеме низ толку многу перипетии, низ толку тешкотии, можеби немаше да се сложам...

- Не стануваше збор за сложување или не. Тоа едноставно требаше да се направи - смирено одговори Ана.

- После толку истражувања, анализи и споредувања, копања и прекопувања, скитања и заскитувања, но и нови пронаоѓања...

Тодор направи мала пауза, а потоа и го постави прашањето што таа го очекуваше и не можеше да се одбегне:

- Ја пронајде ли?

Ана гледаше во прекрасните листови од костените. Молчеше.

- Слушам деновиве одобрени се нови средства, ќе има нови сонди, нови ископувања... Сè води кон успехот?!

Ана упорно молчеше. Иако внимателно го слушаше загледана во ретките минувачи на Плоштадот.

- Можеби ја најде во себе? - се обидуваше Тодор да му даде поблагопријатен тон на разговорот. - Сите ние имаме своја Јустинијана Прима по која трагаме. Можеби таа мудра и прекрасна Јустинијана Прима сака токму тоа да ни го каже: Трагајте, животот се состои во трагање, тој и нема друга смисла?

Ана го прекина молчењето, заради желбата да одговори, а и не сакаше самиот разговор да биде непријатно прекинат. Имаше во нејзиниот глас некој пркос, но оној симпатичен пркос и противење што само Тодор ги познаваше.

- Јас не трагам во себе, и немам своја Јустинијана Прима. Ја сакам таа, вистинската Јустинијана. И не се откажувам од неа.

Нејзиното прифаќање на разговорот, на Тодор му даде живост, охрабрување.

- Она што мене најмногу ме интересираше, јас го прочитав. Најдов книги, записи, знаеш! Постојано нешто чепкав, со интерес, главно според она на што ти ме упатуваше.

- Знам, - рече Ана - и што?

- Мене ме фасцинира односот меѓу Теодора, Прокопиј и Јустинијан. Особено меѓу Прокопиј и Теодора. Не ги знам сите нивни закачки, но сепак мислам, и покрај сè, дека Прокопиј победил.

- Мислиш? Зошто?

- Неговите записи останале. Не е точно дека тие се толку непостојани и трошни. Се покажува дека некои од градовите повеќе се трошни.

- Среќата е променлива - рече Ана - некогаш се тоа градовите, некогаш записите.

- Има една ситуација што ме фасцинира, - продолжи Тодор - тоа е најдобар пример за она што сакам да ти го кажам. Она што го загатнав кога разговаравме во Чаршијата, но не успеав да го довршам. Од тогаш помина време и не сме разговарале на оваа тема.

- Јас се сеќавам - го охрабри Ана. - Мислиш на она за животот. Треба да го живееме просто, едноставно, и сега. Јас потоа размислував за тоа.

- Да, токму тоа. А царицата Теодора е прекрасен пример. Со бунтот наречен Ника што избувнал во Цариград. Колку бил важен тој еден единствен миг кога таа реагирала и го спасила престолот. Да реагирала само една минута подоцна, можеби сè ќе пропаднело. Значи, сè е во тој неповторлив миг. Ние не би можеле однадвор да им го дадеме, тоа е проблем само на нивното време и на една конкретна ситуација. Тоа ми зборува дека сите ние сме заклучени во своето време. Ние не можеме да имаме клуч за нечие, како што никој однадвор не може да има клуч за нашето време. Сè е во тоа сега. Ако го пропуштиме, готови сме.

- Те разбирам - потврди Ана, бидејќи беше упатена во карактерите на луѓето за кои Тодор зборуваше. - Јустинијан бил умен и образован, но овој проблем не бил способен практично да го реши. И тој бил опседнат со некои свои идеи и илузии.

- Не само тоа. Замисли го тој еден единствен миг како фантастично се удвојува, се мултиплицира или ни се измолкнува. Ништо со него не е сигурно, затоа е и неповторлив. Царицата Теодора можела да стане и да одржи лош говор, бидејќи од возбуда или било што друго можела да не биде концентрирана. Така, работите би биле сведени на исто, повторно би пропаднале. Нели, во тоа време се води теолошка полемика за едната или двојната природа Христова? Дали по раѓањето, Христос е Бог или Богочовек? Дали Марија е Богородица или само Христородица? Ако ја прифатиме двојната природа Христова, дека тој е Бог и човек, тогаш и од тој аспект немаме право да претеруваме и треба да ја најдеме мерката. Зошто тогаш тврдоглаво да се поведуваме по една идеја која станува опсесивна? Опседнатоста со една идеја уништува. Тоа сакам да ти кажам. Мислам дека ти сè повеќе претеруваш.

- И ти претеруваш, - му одврати смирено Ана - и ти отиде премногу далеку. Не знам тогаш дали тоа ќе биде тој миг што ти го бараш, бидејќи некој веќе однапред ти го дал. Тука веќе започнуваат полемиките околу слободната волја. Но, добро, да речеме се сложувам, знам дека црквата ја познаваш подобро од мене.

Овде е тоа попатно, станува збор за нешто друго. За она што мене ме фасцинира.

- Признавам - рече Тодор помирливо. - Повеќето од овие мои размислувања се инспирирани од тебе. Има нешто нешто страшно заразно во твоите преокупации. Во твоите преокупации со исчезнатите градови.

- Токму така. Она што мене ме фасцинира можеби те фасцинира и тебе, но ти не признаваш. Понекогаш го зборуваш спротивното. Постојано сум под пресија на историјата, филологијата, археологијата. Ме фасцинира минатото. Ете, си замислувам како еден ден и ние ќе бидеме

минато, и нас некој ќе нè истражува. Она што било, веќе не постои. Тоа е минато. Она што е сега, нема да постои. И тоа ќе биде минато. Мислиш дека некој ќе се сеќава на нас по илјада и петстотини години? Едноставно, ќе седне и ќе нè истражува...

- Мислиш дека некој нас ќе нè истражува? - рече духовито Тодор. - Тој мора да е некој луд. Нас да нè истражува.

- Луд или не луд, ќе нè истражува - продолжи Ана прифаќајќи ја духовитоста и зборувајќи сега малку порелаксирано. - Гледаш дека со новите земјотреси што се случија на крајот на веков, старите антички зданија останаа, новите градби се урива како кули од картон. Може лесно да се случи нешто да нè избрише од лицето на земјата. Тогаш, замисли си една ваква хипотетичка ситуација: по илјадници години, некој го истражува ова наше денешно, исчезнато Скопје. Замислуваш? Од каде прво да тргне, што најнапред ќе му излезе на показ? Ќе му се појават стари остатоци на некоја од кулите на Градскиот ѕид. Кога ќе открие остатоци од неколку такви кули, и кога ќе дојде до некој заклучок, наеднаш ќе му се појават чисто бетонски делови од зданијата како што се новата пошта, новиот театар, банките, новиот универзитет. Да не зборуваме за дрвените бараки низ сите населби на градот. Што тогаш ќе заклучи? Сигурно ќе биде збунет. Ќе помисли дека станува збор за неколку археолошки нивоа и различни ископини. За разни видови живеалишта. И ти сега велиш - не се занесувај, немај опсесии...

На Тодор толку многу му се допадна оваа споредба што за малку ќе прснеше во смеа.

- Можеби ќе го откријат и Трговскиот - рече - и новите простории што сега ќе ги отвораме?

Откако се созеде, тој сакаше разговорот повторно да се

врати на почетокот. Без оглед како ќе заврши, се надеваше дека ќе заврши добро. Ако беше збор за некое преиспитување и рекапитулација, тие беа направени. Ако работите требаше да тргнат по нов тек, требаше нешто сега да се направи.

- Најмногу ми се допадна онаа твоја мисла од предмалку што ја искажа речиси сентенционално, затоа ја запомнив. Јас имам одговор на неа, затоа ќе ти ја повторам.

- Не знам на што мислиш - рече Ана - кажавме толку многу работи.

- Сѐ што било - не постои. Сѐ што е сега - нема да постои. Меѓу овие две нешта има едно „ама“... Токму тука, во тој меѓупростор, во тој процеп се наоаѓа вистинскиот живот. Меѓу она што било и што ќе биде, тоа „овде“ мора да постои. Инаку и нас би не немало. Точно, сѐ е минато како што велиш ти, дури и она што е сега, само под еден услов: ако не го живееме сега. Тука нема многу филозофии. Сѐ е едноставно како што е фактот, еве, што јас и ти седиме на оваа маса. И тој миг нема да се повтори, па кој колку сака нека нѐ истражува. Ана, те молам, ова го велам за да го прифатиш мојот предлог, зар е тој толку страшен и необичен? Малку да се одмориш, малку да прифатиш поинаков живот, да го водиш ексклузивниот простор, да набавуваш експонати, да контактираш со луѓе од поинаков свет. Макар и привремено. Ете, само толку. Ти си ми поважна и од градот некогашен, од сите титули и откритија, од сета слава и богатство на светов. Ете, само тоа. Сѐ друго не знам веќе дали би имало смисла...

Тодор ненадејно од џебот извади клуч и го стави на масата. Тоа беше нова ситуација. Ана смирено, како на почетокот од средбата, гледаше во крошните од костените, и молчеше. Не сакаше да покаже возбуда.

- Ова е клучот, - рече Тодор потенцирајќи ги последните зборови за да ѝ го сврти уште повеќе вниманието - сакам да го земеш и да го прифатиш мојот предлог.

Ана сѐ уште гледаше отсутно, сѐ до мигот кога требаше да одговори:

- Сега навистина ме изненади. Ова не го очекував...толку брзо.

- Земи го... или остави го - рече Тодор, а потоа ја погледна испитувачки и љубопитно, истовремено.

- Ако не го земеш, фрли го... на тротоарот, меѓу сронетите лисја и паднатите костени, во контејнер, или од мостот во водите на Вардар...

Иако ја изненади, ѝ се допаѓаше овој гест, имаше некој чуден плам во неговите очи.

- Остави ме да размислам, - рече Ана - сакам да размислам.

- Сакам да сум сама. Секое време има свој клуч. И секоја постапка има свој клуч, нели?

Тодор благо ја погали со погледот, а потоа малку нервозно, но одлучно стана, му плати на келнерот, и замина од речиси полупразната кафетерија.

Кога остана сама, клучот блесна на масата, и на Ана и се стори како некој чуден, таинствен и фантастичен предмет. Има нешто фасцинатно во клучевите. Го гледаше како некоја реликвија која треба да го чува нејзиниот живот. А дека ќе има влијание врз него, тоа беше неспорно. Ајде Ана, си велеше себеси, сега е вистинскиот миг, сега самата дозирај си ја својата опсесија. Тоа е тој миг и можеби нема да има друг, нема да се повтори. Се насмеа иронично и

стана од столицата. Гледаше во клучот со убав привезок на кој беше изгравирана почетната буква од нејзиното име. Зрак светлина од есенското сонце се проби низ крошната од костените и одбивајќи се од мазниот метал, за миг ја заслепи во очите. Клучевите навистина можат да заслепат, да отворат сѐ, и да затворат сѐ, мислеше таа.

Ана го зема клучот од масата и го стави во својата чанта. Можеби е тоа тој клуч, се насмеа повторно во себе. Клучот за Јустинијана Прима. Онаа, што треба да ја бараме и да ја најдеме во себе, како што велеше Тодор. Онаа тука, сегашнава, која е покрај нас, а која често од заслепеност и не ја гледаме. А која тој толку упорно и искрено сакаше да ѝ ја открие. Да, можеби е тоа клучот и за дамна заборавените мириси кои сакаше повторно да ѝ се вратат?

Се упати кон Трговскиот. Кога помисли дека во чантата, покрај клучот, се наоѓа и лекарскиот наод кој го зема изутринава од Клиниките, уште повеќе го забрза чекорот. Беше радосна. Почуствува дотогаш непозната возбуда од тој единствен и неповторлив феномен на новото раѓање, на новиот живот што веќе го носеше и чувствуваше во својата утроба.

## Белешка за авторот

Данило Коцевски, критичар, романсиер и поет, драмски писател, хроничар. Објавил околу дваесеттина книги од сите жанрови, меѓу кои поважни се: „Критиката како заблуда“ (1988), „Поетиката на постмодернизмот“ (1989), „Патување за Аркашон“ (1989), „Одисеј“ (1991), „Поетовата смрт“ (1995), „Магијата на Скопје“ (1997), „Роман за Ное“ (2003), „ Нови есеи“, „Пиколомини пред портите на Скопје“ (2005).

Како стипендист на француската влада престојувал во Франција 1981/82.

Добитник е на наградите: Млад Борец за есеистика, на КПЗ за литературна критика, Крсте Мисирков за публицистика, Рациново призанание за најдобар роман, Наградата 13 Ноември за хрониките посветени на градот. На конкурсот на Македонскиот народен театар (1999) драмата „Еразмо Ротердамски“ избрана е меѓу петте најдобри македонски современи драми.

Неговите текстови се преведени на повеќе светски јазици меѓу кои и на: англиски, француски, германски, руски и португалски јазик.

Живее и работи во Скопје.

*Содржина*

МИРИСИ
ОПСЕСИЈА
МОЌ
КРУГ
ПРОКОПИЈ
ТРАНС
НЕДОУМИЦА
ЕВАНС
ЦАРОТ
ХОРМИЗДИНА ПАЛАТА
НАСЛЕДСТВО
БУНТ
КЛУЧ
Белешка за авторот